# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Сто и десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 2002 година

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

На седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 110-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Прва точка - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Продолжуваме со претресот во начело.

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, седниците на Собранието, кога се расправа за Буџетот, било да се работи за предлог буџет за некоја фискална година, било да се работи за ребаланс на буџетот, како што е точката на денешната седница, се најпогодниот момент да се направи биланс на активностите на економскиот дел на Владата и да се даде отчет што сработила таа Влада преку тие егзактни бројки и показатели низ предлогот за буџет или предлогот за ребаланс на истиот. Ваквите седници како денешната се добра прилика да видиме дали Владата конечно има намера барем во наредниот период да ги измени старите лоши навики и да му понуди на сопствениот народ барем ронка надеж дека истиот тој народ може барем биолошки да опстане на овие простори.

Затоа, ние пратениците како народни избраници не смееме да ја пропуштиме ваквата ретка прилика и да се осврнеме на она што Владата ни го понуди како буџет за оваа фискална 2002 година и она што сега за половина фискална година ни го нуди како измена на истиот тој буџет.

Дозволете ми на почетокот да ве потсетам што Владата ни понуди со Предлогот на буџетот за 2002 година, тогаш кога го усвојувавме буџетот за оваа фискална година, Владата рече дека нуди буџет во макроекономска рамка од проектиран пораст на бруто домашен производ за 4%, инфлација од 2,5%, стабилен курс на денарот и планиран буџетски дефицит од цирка 7 милијарди денари. Со ваква конципирана макроекономска рамка Владата имаше намера да ги оствари следните цели, а така стоеше впрочем во тогашното образложение на буџетот.

1. Макроекономска стабилност,
2. Продлабочување на структурните реформи,
3. Решавање на проблемите на загубарите,

4. Услови за поголем извоз како основна претпоставка за зголемување на производството и бруто домашниот производ ,

5. Зголемување на инвестиционите активности,

6. Сакаше да даде подршка на преструктуирањето на претпријатијата, зголемување на ефикасноста на државата, реформи во јавната администрација, намалување на сиромаштијата, сервисирање на внатрешните и надворешните обврски и тн.

На овој економски и политички волонтаризам на Владата, тогаш го дадов следниов коментар, цитирам дел од моето излагање во однос на буџетот конципиран за 2002 година. Реков: "Ако Владата сака да ги оствари сите овие цели, за сето ова нам ни се потребни буџетите на САД и Европската унија заедно и реков дека со ваков волонтаристички концепт буџетот ќе мора брзо да оди на ребаланс". Ете, тие мои предвидувања се реализираат побрзо дури и од она што го предвидуваат најголемит песимисти кога ќе дојде до ребаланс на така волонтаристички концепт на буџетот.

Затоа, не е на одмет да се укаже на фактот дека упорно неколку години наназад, расправајќи по една ваква материја клучна во финансиската сфера на државата, инсистираме пред фискалната власт да излегува на парламентот со посериозни бууетски предвидувања, а во практика скоро секоја година имаме сериозни буџетски промашувања. Тоа беше и со буџетот за 2000 година, и со буџетот за 2001 година, а еве и сега ни се нуди ребаланс на буџетот ни за помалку, ни за повеќе, туку за цели 100 милиони германски марки или 50 милиони евра и за оваа фискална 2002 година.

Затоа, господо министри од Владата, со промашување на прогнозите вие признавале или не ги промашувате и

целите што сакате да ги постигнете. Да не биде ова чиста критика, дозволете ми да ве запрашам и кажете ми една единствена цел од овие што претходно ги кажав, а беа во функција на така конципиран буџет што ја исполнивте за оваа година. Да не бидеме цинични, ќе спомнам само една која е реализирана, меѓутоа, ќе кажам зошто е таа реализирана. Задржана е само макроекономската стабилност, курсот и инфлацијата на одредено ниво на контрола се држи, меѓутоа, сепак мора да се признае дека тоа не е заслуга на фискалната власт во државата, туку по мое длабоко убедување се должи на ригидната кредитно-монетарна политика што се води од страна на централната банка, која како последица има доста негативни ефекти на ваква неусогласеност и неконзистентност меѓу фискалната и кредитно-монетарната власт во државата. Затоа, господо, потсетувавме, потсетуваме, а впрочем тоа ни е и задачата на нас како пратеници, особено како опозиција да ве потсетуваме и да сфатите еднаш за секогаш, мандатот скоро ви помина, а никако да разберете реално буџетско предвидување, еден од главните постулати за таканаречени здрави финансии и обратно, нереални волонтаристички пристапи и политизирање на бројките во буџетот водат кон таканаречени нездрави финансии во државата. Токму и денес ни се случува тоа Владата да ги промаши своите предвидувања на собирање и трошење на буџетски средства во фискаслната 2002 година за цели 50 милиони евра и со такво промашување зачудува вчерашното излагање на министсерот за оваа материја, кога цело време слушаме дека настапува афирмативно, образложувајќи ги причините поради кои се донесува годинешниот ребаланс.

Дозволете ми господине заменик министер, бидејќи денес министерот не е тука, вчера се испофали и си отиде дома, да ве потсетиме, освен она што кажав дека го реализиравте, значи макроекономската стабилност сепак е задржана на некое задоволително ниво, што успеавте друго да реализирате со така предложен буџет на државата, со таква поврзана политика што ја водите заедно со Централната банка. Значи, дозволете да ве потсетам што друго реализиравте, освен она што го реализиравте.

Вие господо, реализиравте пад на инвестициите во овој период, реализиравте намалување на домашната акумулација, реализиравте зголемување на дефицитот во трговскиот и платниот биланс на државата, а како последица на овие реализации доаѓаме до едни катастрофални последици кои го оптоваруваат севкупниот економски живот во Република Македонија. На пример, внатрешната задолженост во државата веќе ја надминува бројката од 1,2 милијарди германски марки или цели 600 милиони евра. Во моментот иако веќе престанавте да давате податоци, имаме податоци дека блокирани се жиро сметките кај скоро 25 илјади фирми и стопански субјекти, во кои се вработени преку 150 илјади луѓе. Нередовни исплати на платите има скоро кај 40% од регистрираните економски субјекти, а за разлика од тоа, жиро сметките на буџетските корисници бележат перманентен раст, што е зачудувачки. Вкупната непокриена загуба на фирмите за ова полугодие се проценува дека ќе достигне импозантна бројка од 1,2 милијарди евра, што е за скоро 12 пати поголема од нето добивката која се проценува да заврши во ова полугодие.

Во социјалната сфера исто така имаме импозантна бројка на скоро 80 илјади семејства кои се под социјална заштита, а под прагот на егзистенцијалните потреби се скоро 75% од вкупниот број на семејства или за 9% повеќе од минатата година, што значи и во таа сиромаштија имаме една нагорна линија и прагот на сиромаштијата од година во година бележи перманентен раст.

Господо, дозволете да ве потсетам кои се директните последици од едни вакви катастрофални економски состојби во државата. Нормално, некој може да се побуни тука, ние сме власт да се фалиме колку сме економски добри, а опозицијата е таа која што треба да ги кажува црнилата во државата, меѓутоа, мислам дека воопшто не говориме за некои црнила, напротив, ги соопштуваме само аргументите со кои располагаме и кои се издадени во официјални институции на оваа држава. Значи, како дирекна последица сите тие економски состојби и опкружувања во државата, што ни се случува реално во сферата на секјдневното живеење? Имаме несреќни и гладни граѓани кои полека, верувајте, земете ги црните хроники од дневниот

печат и ќе видите дека ја губат смислата на своето биолошко постоење во оваа држава, што значи се зголемува бројот на самоубици, се зголемува бројот на ситни кражби во државата, секојдневни инциденти кои се како директна последица токму на овие социјални збиднувања што ви ги прочитав, а кои се согласно вашите податоци што секојдневно ги објавувате или не ги објавувате. Значи имаме несреќни граѓани, имаме нагло растење на сите маргинализирани категории во општеството, како што се категорија на невработени лица, категорија на вработени лица кои работат а не земаат плата, имаме гладни луѓе, имаме питачи, имаме наркомани, имаме проститутки, имаме ситни криминалци, имаме и поголеми криминалци кои се возат во мерцедесите, со наши пари државен бензин трошат и доаѓаме во ситуација каде што - проверете го тоа во малите средини - каде со една таква политика и една таква сотојба ние навистина дојдовме до една поразителна ситуација каде што подземјето го промовираме во елита. Во помалите средини како што е Охрид, криминалците ја водат главната политика во градот. Сакале или не сакале тоа да го прознаеме, ќе се запрашаме каква дирекна врска има ова прашање со ова што денес го расправаме. Има врска, бидејќи за премиерот Георгиевски доблест е и добро собирање на даноци и намалување на сивата економија и уништување на корупцијата во државата, ако се собираат приходите на повисоко ниво. Јас се согласувам со тоа, меѓутоа, проблемот настанува во главите на луѓето кои незнаат економски да резонираат и токму тука е разликата меѓу оваа власт и СДСМ, што ние грешиме во концепирање на буџетот на така високо ниво. Концепирајќи го буџетот на така високо ниво, доведувајќи ја државата во ситуација на енормно зголемена јавна потрошувачка - за споредба, на пример 40 милијарди денари буџет за 1998 година, скоро 70 милијарди денари за претходната фискална година и скоро исто толку во оваа година, доаѓаме во ситуација дека овие 4 години државата наметнала скоро за 1 милијарда марки или 500 милиони евра годишно повеќе да исцица од даночните обврзници, а тоа се стопански субјекти и да ги даде на располагање во еден центар, односно во Министерството за финансии или ресорните министерства да управуваат со тие средства од народот, од граѓаните или од фирмите.

Господо, 150 пати на говорница имаме повторено едно правило дека државата во принцип е најлошиот ракувач со финансиски средства. Земете ги големите монетарни економисти или монетарци од граѓанската економија па наваму, сите ќе ви потврдат едно ноторно правило - министрите подалеку од парите, затоа што се најлоши управувачи и најлошо раководат со финансиските средства. Напротив, сите тие економски потрдени теории во пракса, откако дојде оваа Влада на власт, ние ги направивме најбогатите фирми токму министерствата и така исцрпувајќи го оној основниот базичен елемент во државата, а тоа се стопанските субјекти, ние доаѓаме до едни поразителни состојби и зата ова претходно што говорев има директна врска со ваквите конципирања на буџетите. Ако се согласиме со овие факти, а факти се, неможе фактите да се толкуваат, чисто информативно ги соопштував овде, тогаш мораме да признаеме дека неоправдан е овој ребаланс на буџетот, бидејќи оди на зголемување на истиот тој така надуен буџет кој беше оценет за 2002 година, за зголемување ни помалку ни повеќе туку за цели 50 милиони евра.

Да не бидеме до крај недоречени и нејасни за народот, во образложението вчера што го даде министерот, а и во самото образложение кон предлог законот за ребаланс на буџетот, треба да ги соопштиме моите лични ставови и пред се ставовите на СДСМ, ние се согласуваме апсолутно со оние зголемени ставки што треба да се исплатат за оваа фискална година. Се согласуваме да се исплатат платите согласно новиот потпишан договор со Синдикатот во јавната администрација. Се согласуваме да се исплатат зголемените социјални трансфери во висина од 570 денари, кои се како последица од зголемување на платите. Се согласуваме со зголемување на трасферите преку Заводот за вработување како директна последица од потпишаниот договор со Синдикатот. Се согласуваме со натамошно сервисирање на граѓаните од кризните подрачја и раселените лица, како што се согласуваме и со исплата на стипендиите и студентските кредити, што сами кажувате дека неколку години station наназад се акумулирани во износ од скоро 80 милиони денари.

Сега се поставува прашањето зошто господинот Илоски влегува во овој

парадокс, со се се согласува, а не се согласува да се зголеми буџетот и се прашувате од каде пак сега ова да го направиме, ако навистина вие се согласувате тоа да го направиме. Јас одговорно ви тврдам, ние навистина немавме доволно време да ги добиеме овие бројки, меѓутоа, во она кратко време што го имавме за да ги погледнеме овие бројки, за жал пропадна и седницата на матичната комисија за финансирање и буџет, каде што навистина можевме полека за ден, два, да го погледаме тоа ставка по ставка, меѓутоа, од она што може да се погледне низ овие ставки, вие требаше да направите заштеда. Наместо премиерот да се фали како создал 70 милијарди денари, требаше да се пофалите дека собравте 50 милијарди денари и со тие 50 милијарди денари ги извршивте сите овие обврски кои дополнително како Влада пред некои институции и пред некои организации ги преземавте, како на пример пред Синдикатот. Тоа упорно го укажуваме во изминатите 3-4 години. Вие мора да ги научите ресорните министерства да штедат. Вие мора да ги научите ресорните министри да имаат една кола, а не да имаат по два "мерцедеси" и по три џипа што одат пред нив и зад нив и да го сведете и да конципирате буџетот на некоја нормална бројка која е нормален процент од бруто домашниот производ. Да не настапуваме само волонтаристички дека со овие буџети ние ќе оствариме тоа и тоа, а на крајот се остварува она што јас го набројував, односно она што ни се случува во реалниот живот и во реалната сфера на живеење. Значи, одговорно тврдам, можеби не целата бројка, можеби не целата бројка од 100 милиони марки или 50 милиони евра, меѓутоа, одговорно тврдам, со економично работење вие ќе направите заштета во ресорните министерства.

Прво, енормни беа бројките што се трошеа во изминатата година и тоа оправдано поради безбедносната криза во Македонија, што значи во двата безбедносни ресори имате простор за големи заштеди. Меѓутоа, вие и натаму во еден од тие два безбедносни ресори се дрзнувате под форма дека утре ќе бидеме нападнати, задутре ќе биде војна од невидени размери, примате луѓе, незнаете ни зошто ги примате, ниту знаете каде ги пуштате. Значи, има резерви и во едниот од тие два ресори. Ова не е опортуно многу да се зборува, меѓутоа, мора навистина да се каже во очи, затоа што овие пари господо не се ваши, тие се од народот, не се ни наши и не може туку така како што ќе ни текне да ги трошиме.

Што сте постигнале со ова? Ако не ги намалите даноците, ако не го релаксирате стопанството, имате фамилија каде што на пример на мажот кој работи во јавната администрација му ја зголемувате платата за незнам колку проценти врз основа на добар синдикат. За разлика од тоа што и натаму со исто темпо го собирате данокот на финансиски трансакции или непопуларно наречен воен данок, иако војна немаме во моментот жената работи во некоја фирма, таа не зема плата, значи нему сте му дале 15% зголемување, на истата фамилија вие практично сте и зеле 85% и утре се фалите колку сте биле ефикасни во собирањето. Дајте да не се лажеме, еднаш одговорно да кажеме пред народот, откако се воведе данокот на додадена вредност, сам по себе како механизам претпоставува ефикасно собирање на даноците и сама по себе е дојдена ефикасноста во даночната дисциплина. Значи, требаше да прибегнете кон намалување на овие даноци кои се собираат во континуитет и тоа без поголеми проблеми. Меѓутоа, вие не се дрзнувате да го намалите ниту данокот на финансиски трансакции, кои кажувате дека ќе има преку милијарда денари зголемување за оваа фискална година, значи со истиот процент, без да го зголемувате ќе има толку. Значи, ако сте имале лоша проценка во проектирањето дека ќе соберете една милијарда помалку, зошто не покажете доблест и во овој ребаланс не кажете дека државата се откажува од 1 милијарда денари и ги остава тие средства во стопанството, бидејќи стопанството секогаш е поумно од државата за сопствениот развој. Инаку, ако продолжиме вака, оваа влада, не дај Боже да остане на власт, до година 100 милијарди ќе дотурка буџетот и ќе се фали колку била успешна во собирање на средствата. Меѓутоа, по системот на сврзани садови, бидејќи тие не се фиктивни, не се некои виртуелни средства, мора реално од некој реален сектор да се соберат, за разлика од тоа богато живеење во власта, на министерствата и на јавната администрација, ние автоматски си ја сечеме гранката на која седиме. Затоа, овие мои укажувања уште еднаш нека бидат препорака власта дефинитивно да размислува во правец на рационализација на трошењато на

средствата, а согласно тоа би дошло до ситуација за нивни размислувања за намалување на буџетските проекти на многу пониски нивоа и сведување во една нормална рамка, за да може пред се стопанството како база на ова општество слободно да почна да дише, а дури после тоа да биде иницијатор и акцелератор на сите процеси за подобро живеење во државата. Инаку, ако вака продолжиме, навистина се сомневам дека одиме во процес на самоуништување, што мислам дека статистичките податоци од овие 3 - 4 години перманентно ги следам, токму оние позитивните и или стагнираат, или имаат тренд на надолни движења, а токму оние негативните кои ги набројував имаат тренд на нагорни движења, што едно со друго не коинцидира. Значи, ние како власт и опозиција не се разбираме што е добро, а што е лошо за оваа држава.

Исто така, би сакал да го посочам следното.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

Вие мора да водите поконзистентна политика и на некој начин поврзана политика, фискалната и кредитно-монетарната политика. По мое длабоко убедување токму заради овие дивеења и нештедења во јавната потрошувачка ја терате централната монетарна власт на ригидна кредитно-монетарна политика. Сега, од една страна ако имаме огромна јавна потрошувачка, од друга страна ригидна кредитно-монетарна политика, што е ноторен факт и може да се потврди со илјадници примери кои ни се случуваат овие три-четири години наназад, вие велите ќе правиме развој и ќе го зголемуваме бруто домашниот производ, физичкиот обем на производството. Ви се молам ригидната кредитно-монетарна политика доведува до зголемување на банкарскиот капитал, цената на банкарскиот капитал. Тоа доведува во ситуација во пракса на намален обем на кредитирање на стопанството или незаинтересираност на стопанството по таква кредитна политика на комерцијалното банкарство да го заживува стопанството. Во такви услови не може да стане збор ниту за зголемување на извозот ниту за намалување на надворешниот трговски биланс и платниот биланс на државата, уште помалку може да се разговара за физички раст на производсвото кое е основен предуслов од 23-24 гранки во оваа држава дека автоматски имаме пораст на бруто домашниот производ.

Значи, не коинцидираме со некои основни економски категории, параметри, изгледа не можеме да се убедиме и исклучиво настапот на пратеници од опозицијата го сфаќате како чиста критика, гола реторика ајде да се каже нешто колку да се каже. Верувајте, и ние сме работеле на тие буџети и ние сме биле во некои државни органи порано и мислиме дека дефинитивно подобро за оваа држава да има 40 милијарди буџет и да ги реализира сите овие прашања кои ги спомнав, а од друга стана само треба да каже како Таки Фити што се возеше во старо Ауди-6 и Никола Груевски треба да се вози во старо Ауди-6. Не мора Никола Груевски во џипови да се вози. Суштината е во тоа и ако го стегаме каишот треба реално сите да го стегаме. Инаку верувајте не можеме на крај да испливаме. Доаѓаме точно до теоријата на некои западни економисти каде државата се претвора во ламја која почнува да си ја јаде опашката, а ние сме стигнале да си ја јадеме сопствената глава.

Простете, можеби се во прашање некои емоции, но навистина човек не може да остане рамнодушен на некои состојби кои ни се случуваат, а од друга страна министерот се дрзна овде вчера пред нас многу афирмативно да зборува. Кога го критикувавме минатиот пат дека конципира ад - хок воведен данок на финансиски трансакции на износ колку е конципиран изворот од царински приходи кој е стабилен приход и традиционален приход на овие простори рековме дека онака конципиран царински приход да спие директорот на царина ќе ги собере на 4,7 милијарди денари реков ајде има некои анимозитети спрема таа служба поради бившо службување на мене и тн. Тоа нема врска, кажувам реални состојби кои еве за 6 месеци ни се потврдуваат.

Не е никакво фалење ниту претерување, меѓутоа верувајте ми јас вчера на некои пријатели од парламентарната група им кажав да го прочитам мојот текст на ребалансот на Буџетот за 2001 година, но да не го читам сега ќе изгубиме уште еден час време, апсолутно не може да се додаде или измени нешто друго. Значи, повторно од исти во исти грешки влегува Владата со својата фискална политика од година во година.

Исто така да го прочитам мојот говор по однос на конципирање на Буџетот ќе видите дека 90% од

предвидувањата сега се реализираат и вие во вашите образложенија токму на оваа концепција на ребаланс на Буџетот го признавате сето тоа што го викавме тогаш. И тогаш мојот говор беше оценет како многу ригорозен, е, како сега овој наоѓа да ни вика, ние сме министри, тој е обичен пратеник од опозиција, како што мислам дека и мојот денешен настап така ќе биде оценет, а по шест месеци ќе се потврди дека бил точен. Мислам дека е депласирано сам себа да се цитирам на говорница што сум зборувал пред шест месеци дека е точно.

За жал, морам да констатирам дека во Министерството за финансии, еве меѓу нас седат луѓе кои прилично ги разбираат овие работи, меѓутоа, мора да му кажете на министерот, тој не е политички директор таму на државните пари, тој е по дефиниција пес-чувар на народните пари и треба така да се однесува. Нам ни се познати сита овие работи во предизборна кампања да се влечат маркетингшки потези кои на пример ќе го радуваат народот, меѓутоа, мора да му се каже на народот дека со негови пари се радува земени преку некој механизам.

Да не должам многу, веќе почнувам да се повторувам во некои сегменти, би сугерирал на Владата нека направи заштеда, имаме време, можеби оваа расправа нема да помине, како што се надеваме, до фудбалот или после фудбалот, многу е круцијална материјата тек така да поминеме, голема е бројката на ребалансот на Буџетот тој да се чуе уште за 100 милиони ДМ, или 50 милиони евра без разлика дали е ефикасно или не е, со притисок или без ќе се соберат тие средства од даночните обврзници, а државата ќе ги потроши така како што планира да ги потроши. Државата мора апсолутно да смета на намалување на буџетската потрошувачка и од тие резерви, ние се согласуваме, дајте уште дупло да им ги зголемиме платите и на пензионерите и на стечајните работници и реформите во фирмите загубари да ги продолжиме преку буџетски позиции и тн., и тн., меѓутоа, верувајте, ова не може во бескрај да оди, апсолутно, излезете малку и по фирмите и по овие најобични пиљарници, не можат повеќе кока-кола да плаќаат, а не да плаќаат даноци, а што е најтрагично не можат повеќе ни да молчат. Еве, Синдикатите се дигнаа, затоа што цицај-цицај од стопанството не може, сега по систем на врзани садови таму на едната групација од синдикатите дадовме, а другата почнува гласно да вика дека ќе штрајкува и повторно имаме подигање на нивото на социјалните тензии. Ова вака не може до бескрај, мора едно ниво да се каже дека тоа е оптималното ниво кое може да го оптовари стопанството, а тоа да преживее. Не може дефинитивно да се оди по онаа филозофија, како што викаат економистите, даноците се скубење на гуската да оскубеш што повеќе пердуви, а таа што помалку да грака. Сега почнаа да гракаат тие што ги скубеме.

Значи, мора рационализацијата да се бара внатре во самата држава. Ако тоа не се направи, навистина немаме перспектива. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Оломан Сулејмани, (не е тука) Господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, барем оние кои слушаат во овој момент. Штом се дојдени од Владата овде претпоставувам дека треба да слушаат. Размислував дали е целисходно да се јавам за дискусија по овој ребаланс со оглед на тоа што е видливо дека позицијата како во Парламентот така и во Владата очигледно брза со носење на ваков проект, што е разбирливо заради потребите кои оцениле дека треба да се задоволат по овој основ, а се во функција на оваа многу важна 2002, гледано од политички аспект, година. Но, бидејќи по вокација сакам да бидам човек кој бара полемика на одредени тези затоа се одлучив да продискутирам околу содржината на овој проект со надеж дека ќе оствариме дискусија по мојата дискусија и дека одредени искажувања ќе бидат од интерес на нивно натамошно доелаборирање.

Прво, се поставува прашање зошто ребаланс? Бидејќи овој ребаланс е четврт ребаланс кој за овие четири години го дава Владата. Во претходните години по други поводи, но овој пат јавно прокламирано дека нужно треба да се изврши ребаланс на Буџетот на Република Македонија за да се реализираат обврските кои се преземени со потпишаниот Договор со Синдикатот.

Веднаш да кажам дека обврските кои ги презела Владата со Договорот потпишан со Синдикатот се само

30% во однос на вкупниот ребаланс кој го предлага Владата или поинаку кажано во номинални износи овој буџет се зголемува за 4 милијарди денари, а обврските по основ на преземените обврски од Владата со Договорот со Синдикатот изнесуваат една милијарда денари. Тоа се 900 милиони за плати, давачки и трансфери кои што повлекуваат зголемени позиции во буџетот по основ на пресметување на најниската плата.

Ова го поставувам од проста причина дали мораше Владата да се одлучи на Парламентот да му понуди ребаланс за да ги задоволи оправданите барања на вработените од јавната администрација.

Моето коментирање по тој основ е дека не мораше да се одлучи на ребаланс, а моето објаснување на овој коментар е следно:

Ако Владата на РМ, чувствувајќи ја потребата на јавната администрација за пораст на најниската плата и по тој основ пресметан пораст на платите во јавната адниминистрација ценеше или го имаше планирано тоа во својата Програма за работа на Владата, имаше можност тоа да го направи во изминатиот период со оглед на тоа што Владата позицијата - плати, наемнини и други надоместоци од година во година ја зголемува во буџетот така што онаа стартна основа од 16 милијарди во 1999 година секоја наредна година се зголемуваше.

Во оваа прилика ќе кажам дека во тој дел на зголемување имаше и оправдано зголемување за издатоците кои се однесуваа на обезбедување на парични средства во вид на надоместоци за безбедносните сили кои беа ангажирани. Но, како ќе одговори Владата на прашањето да, во услови кога е во сила Проект за реформа на јавната администрација во РМ, јавната администрација од почетните 90 илјади вработени се зголемила за 26 илјади нови вработувања. Секако со претходно пуштање на 5.400 кои не беа по мерак на владеачката гарнитура или беа лица кои политички припаѓаа, по нивни согледувања, на една претходна партија која беше во власта и која беше носител на власта.

Ако имаше домаќински односно Владата можеше, покачувајќи ја вкупната позиција за плати, а задржувајќи една постигната бројка на вработени во јавната администрација, врз основа на тоа покачување на таа позиција да ја зголеми најниската плата и по тој основ да ги зголеми платите во јавната администрација. Но, Владата очигледно тоа не сакаше или не сметаше да го прави затоа што покорисно и поисплатливо поготово во година која има интересни политички настани во вид на изборни активности, Владата се одлучила на овој потез. Тоа е првата аргументација која ја исфрлам, а со цел да се побуди интерес за контра аргументи на овој план.

Втора аргументација на прашањето не ребаланс е следната:

Дали Владата проверила во расходниот дел на буџетот дали имало резерви и потребните средства, тие средства кои се како нова потреба врз основа на Договорот со Синдикатот можела да ги најде во позициите на расходниот дел на буџетот? Мислам дека Владата погледнала, но Владата го задржала истиот стил на владеење во оваа држава да се троши немилосрдно собраниот денар од граѓаните, па оттаму јас ќе ја посочам резервата која е присутна во расходниот дел на буџетот и која сметав дека е доволна за да се обезбедат средства за исполнување на обврските по основ на Договорот.

Имено, во позиција 426 и 427 дадени се износи во износ од милијарда и 48 милиони денари, а во втората во износ од 1.284.000.000 денари за договорни услуги, потенцирам договорни услуги и за други оперативни трошоци. Многу ме интересира што тоа додатно оваа Влада договарала за да проектира вака висок износ на вакви позиции кога истата Влада во 1999 година за двете позиции потрошила само милијарда и кусур денари, а сега ја зголемува бројката на милијарда и двесте плус во однос на она што вообичаено се прикажувала на овие позиции. Мислам дека е ова позиција во расходниот дел каде се трупале многу обврски кои Владата ги преземала поготово Министерството за финансии кои позиционираат на овие стапки, а тоа е тој вид на трошење на реклами, пропаганди и незнам кои други активности кои се позиционирани и текстуално објаснети и дадени во буџетот, а за кои сметам дека крајно недомакински се трошеле во 2002 година.

Тоа е вториот аругмент кој го давам во прилог на мојот коментар дека не - ребаланс, кај другите расходни страни, освен големата позиција која што е кај

социјалата и позицијата со која се намалува дефицитот, не гледам за што друго Владата предлага ребаланс.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Освен големата позиција која што е кај социјалата и позицијата со која што се намалува дефицитот, не гледам за што друго предлага Владата ребаланс.

Во овој мој прв дел од настапот, сакам да спомнам само дека продолжува во Република Македонија во оваа наша држава во ваква ситуација во која што се наоѓа оваа наша држава, од економски аспект, многу лагодната позиција на Владата, која што најмалку кажано или најблаго кажано не ги чувствува или не ги сочуствува проблемите кои што се присутни во македонската економија, туку и понатаму задржува пракса на високи зафаќања од граѓанството и од економијата за да оствари буџетски средства кои што како јавна потрошувачка, заедно со другите зафаќања во делот на вкупната јавна потрошувачка, го трошат пола бруто домашен производ во Република Македонија. Или трошат пола од бруто домашниот производ на Република Македонија. Тоа е деструктивен однос, тоа е нереформски однос и на таков начин се става јамката на економската економија која што е таква каква што кажав и која што е со вака поставена пракса. Кога во последните четири години, со последните четири буџети, дополнително во споредба со 1998 година, секоја година се трошат повеќе од милијарда марки, тоа значи дополнително трошење на 4,5 милијарди марки повеќе во однос на тоа што беше вообичаена пракса да се троши во Република Македонија за јавна потрошувачка. Па, тие 4,5 милијарди кои што дополнително се потрошени од Буџетот на Република Македонија се пари кои што се обезбедени врз основа на давачките, со кои што се оптоваруваат граѓаните и стопанството, кое што е најсигурен полнач на државниот буџет во Република Македонија. Оние кои што сакаат да ја согледаат ова и вака презентирана ситуација, мислам дека доволно ќе си ги дадат пред себе објаснувањата зошто економската ситуација и социјалната ситуација на граѓаните во Република Македонија е така каква што е во овој месец во 2002 година, во кој што се предлага буџет, со кој што нема да се олеснат тие состојби, бидејќи во пракса се задржува истиот однос кон зафаќање од граѓанството и од економијата. А, тој однос кој што е воспоставен во Република Македонија и кој што многу често во настапите на претставниците на Владата, дал преку настапот на премиерот или преку настапот на министерот за финансии се објаснува како голем успех на Владата во делот на прибирање на средств од граѓаните и од економијата, а во функција на сузбивање на сивата економија.

Ве молам во Република Македонија се случи воведување во пракса на законски проект за данокот за додадена вредност. Во Република Македонија се имплементира тој законски проект и на голем глас претставниците на власта кажуваат дека со тоа е извршена најголемата реформа во даночната сфера.

Почитувани пратеници, со ДДВ само се прибрале средства повеќе од оние даночни оптоварувања за кои што пртходно не се плаќало данок на промет. Со Законот за ДДВ голем број на производи кои со претходниот закон со данок на промет беа ослободени од одданочување се оданочуваат, а тоа се прехранбените производи, електричната енергија, лековите, оданочувањето генерално на сите услуги во Република Македонија, двојното оданочување на нафтата и нафтените деривати и бројни други одданочувања кои што дополнително даночно се оптоварија со воведената даночна стапка, со законот за данокот на додадена вредност и во Македонија остана само данокот неоданочен. Па, оттаму позицијата на приходната страна во Буџетот по однос на собрани приходи од ДДВ, кое што е толкава каква што е прикажана, е резултат на тие оданочувања со ДДВ, а не како резултат или како успех во поглед на сузбивање на сивата економија. И, таа илузија да си ја тргнеме од пред себе, реално да ја погледаме вистинската состојба вистинската слика која што е присутна на тој план и на тој начин да настапиме пред јавноста, бидејќи нејзе и ја должиме правата вистина, на јавноста. Вистината е таа која што ја кажав. Тоа е вториот дел од мојот настап.

Третиот дел се однесува на анализа, се разбира моја анализа на приходната страна која што е во делот на донации од странство, а која што се однесува на приходите по основ на општи тековни донации, кои што ги планирала Репбулика Македонија, ги планирала Владата на Република Македонија, а кои што не се остварени во износи кои што таа ги планирала. Па, оттаму, разликата меѓу она што било планирано и она што се планира да се оствари со ребалансот е 2 милијарди денари, т.е. помали се донациите од странство насловени како општи тековни донации за 2 милијарди денари, во услови

кога на РМ имаше донаторска конференција. Во услови кога меѓународната заедница се прокламираше дека ќе донира средства за задоволување на потреби, кои што дополнително се појавија во Република Македонија а како резултат на кризните состојби. Вака помалку остварените општи и тековни донации значат ли тоа дека оваа Влада нема доверба во меѓународната заедница. Или пак, ќе ни се даде поинакво објаснување, кое што најверојатно ќе го слушнеме во понатамошните тек од расправата. Но, вака погледано не тера да ја искажам таа моја претпоставка, бидејќи нешто друго подиректно на тој план како информација, немам.

Последно во овој дел од моето јавување е прашањето на кое често во овој период лично се навраќате е дали е домаќински однос на Владата во услови кога има во Република Македонија на сила закон за воен данок, Владата и понатаму продолжи голем дел на средствата да ги троши за луксуз на самата Влада или на владините институции. Дали во услови на дополнително оптоварување со кое што дополнително се зафаќаат шест и кусур милијарди денари од граѓаните преку стопанството со Законот за воен данок Владата може да се однесува така како што се однесува и да купува мебели, да купува луксузи, да купува намештај или пак да реновира и понатаму објекти кои што со висок вкус се опремуваат внатрешно, а во услови кога имаме воен данок во Република Македонија.

Мислам дека одговорот на ова прашање лежи во следното. Штом позициите кои што се планирале со мали отстапувања се задржуваат, штом средствата за материјали кои во таа добра 1999 година, што ја спомна министерот, биле некаде две милијарди денари, во најлошата година која што беше во Македонија, а во која што се случуваа воените настани, позицијата беше 12 милијарди, за сега да биде на високи 7 милијарди пак задржана. Така, мислам дека односот кој што е воспоставен и кој што се реализира во пракса, да имаме доволно средства за комотен живот и безмилосно трошење на средства од Буџетот, е штетен за македонската економија. Секое објаснување дека тој е реформски е смао прокламација, затоа што таквиот однос кон јавната потрошувачка споредбено со состојбите во македонската економија е само погубен за македонската економија. И, сите други популистички настапи овде на говорница во вид на тоа дека се обезбедуваат алиментирање на тие 8% по пети пат го кажува министерот на говорницата за пензионерите, попрецизно ќе ги објасните кога ќе ја расправаме Програмата за распределување на средства од приватизацијата во Република Македонија и кои се изворите кои се дадени во програмата.

Оттаму, почитувани пратеници, заради обезбедување на она што е договорено во вид на преземени обврски према работниците, мојата оценка е дека треба да се обезбедат средства и ќе се обезбедат средства, но штетниот однос јас го гледам во делот, што, прво, не се направени напори да се рационализира Буџетот и врз тие основи да се обезбедат средствата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван гостподине министре, почитувани господа пратеници, јас во мојата дискусија околу предложениот ребаланс на Буџетот на Република Македонија, за тековната година не би се задржувал на техничките аспекти на Буџетот како документ. Напротив, тие барем на прв поглед се сосема во ред, бидејќи од предлогот се гледа дека Владата планира зголемување на степенот на реализација на буџетските приходи. Од друга страна намален е буџетскиот дефицит и изгледа дека работите се сосема во ред. Меѓутоа, она што сакам да го потенцирам во оваа прилика и да го задржам вниманието на пратениците, особено од експертите од Министерството за финансии, повеќе се однесува на макроекономските функции на буџетот, ќе се обидам да дадам една квалитиативна оценка на она што значи макроекономски функции на Буџетот.

Буџетот по дефиниција најпрво има стабилизациона функција, или ако сакате фискалната или буџетската политика по дефиниција се стабилизациони политики. Треба да обезбедат висока ценовна стабилност односно ниска стапка на инфлација, како еден од приоритетите за кој што Република Македонија се залага и го реализира веќе еден долг временски период, дефакто, од 1995, па до денешни дни.

Втората функција е буџетот односно фискалната политика да ја поддржува планираната стапка на пораст на бруто домашниот производ или ако сакате со двете функции стабилизацисната и развојната, да одржи, како што се вели, да

обезбеди одржлива стапка на економскиот развој во Републиката. Веднаш да кажам, мислам дека вака предложен ребаланс на Буџетот не ги обезбедува ниту стабилизационата, ниту развојната функција и повеќе сакам да го задржам вниманието, велам, на тој квалитативен аспект на проблемот.

Прво, ако се погледа историјата како растеле номинално буџетските расходи ќе се види една перманентна буџетска експанзија, која што дефакто почнува од 1999 година и до денешни дни е константна. 1998 и 1997 година вкупните буџетски расходи со се дефицитот не беа поголеми и од 45 милијарди, а сега достигнуваат со дефицитот од 69 до 70 милијарди. Тоа е пораст близу 60% номинално. Јас сум апсолутно свесен дека така неможе да се донесе квалитативна оценка, бидејќи за да се види реалниот пораст треба да се види реалниот пораст на бруто домашниот производ и стапката на инфлација. Меѓутоа, ниту реалниот пораст на бруто домашниот производ беше импозантен, стапките беа во 1998 година, 2,7%, во 1999 година, 2,6%, во 2000 година неполни 5% и тн, во 2001 година сосема извесно е -4,6, а од друга страна стапката на инфлација беше ниска во целиот временски период. Еве дури и во најтешката година беше релативно ниска 5,3$ во 2001 година, што значи висока ценовна стабилност.

Според тоа, објективно ние имаме реален пораст и експанзија на буџетската потрошувачка и она што загрижува од чисто економски аспект тоа е фактот дека во рамките на компонентите на бруто домашниот производ единствено експанзија покажува буџетската потрошувачка. Сите други компоненти се или стагнантни или опаѓаат. Тоа посебно се однесува на инвестициите на приватниот сектор и Секторот на претпријатието, исто така, лошо стојат работите во доменот на надворешно-трговскиот сектор односно нето извозот, кој што манифистира негативни тенденции. А, тоа се двете најзначајни развојни компоненти врзани со агрегатната побарувачка и бруто домашниот производ. Додека Буџетот, и буџетската експанзија е константа, ниту една земја не успеала да направи позначајни ефекти во економскиот раст, исклучиво потпирајќи се на буџетската експанзија.

**ТАКИ ФИТИ:** (продолжение)

Сега, ако имаме ваква буџетска експанзија, нормално е дека мора да расте рестриктивноста на монетарната политика на другата стран, ако сакаме да додржиме ниска стапка на инфлација. Тоа е филм кој што веќе го видовме.

Во екот на кризата во 2001 година, а 2001 година реално јавната потрошувачка во Македонија според податоците на Централната банка се зголемија за 28% - 29%, мораше до крај да се заостри рестриктивноста, односно рестриктивната политика на Централната бнака, односно монетарната политика мораше да дејствува преку зголемување на каматните стапки на благајничките записи, преку зголемување на стапката на задолжителни резерви, преку зголемување на есконтната или дисконтната стапка а тоа секој има за резултанта пораст над каматните стапки, иако после тоа беа во определени периоди враќање назад, а што растат каматните стапки, тој феномен на истиснување на инвестициите приватниот сектор што го викаме ние Краутин Каут, ако тоа се случи нема полоша алтернатива во стопанството, бидејќи државата се јавува како голем потрошувач на дел од бруто домашниот производ а државата не само во Македонија, насекаде по дефиниција е лош стопанственик, додека инвестициите на претпријатијата опаѓаат. Во 2001 година имаме реален пад, односно номинален пад од 16% на инвестиициите во машини и опрема, а реалниот пад, одбиете 3,5% од стапката на инфлација ќе видите дека е енермно. Значи, опагање на инвестициите, лоши се состојбите во доменот на трговската размена, фрагнантни се состојбите во доменот на Секторот на домаќинството, а расте единствено буџетската потрошувачка. Тоа повлекув стегање на монетарната политика, а таа го контрактира, го намалува економскиот раст и развој.

Тоа е едниот аспект на овој проблем. Другиот аспект на кој што исто така, сакам да укажам, најдобронамерно, сеедно дали ќе се согласат експертите во Министерството за финансии, или не, меѓутоа, зборувам чисто економски, и резонирам економски, од она што е барем економската наука во мој домен. Тоа е факт дека вака ребалансиран буџетот е контра продуктивен од аспект на економскикот раст и развој, затоа што ние имаме дополнително извлекување на средства од економијата. Сега, во буџетот се вели ама нема нови даноци. Нема нови даноци, меѓутоа, од кој пораст на приходите, многу значаен дел отпаѓа на воениот данок, кој што во структура достигнува 6,2 милијарди денари, или во структурата на даночните приходи достигнува 11,8, скоро 12%, а тој данок не

е редовен данок. Тој не е редовен данок и тој силно ги оптоварува економските субјекти во земјата, односно во претпријатијата. Објективно значи дополнително извлекување под услови на рецесија имавме минатата година -4,6% опаѓање на бруто домашниот производ. По дефиниција ако сакате учебнички е контра продуктивно за економскиот раст и развој.

Сега, другата логика е па тоа што ќе се извлече ако се потроши, повторно се враќаат парите дома. Меѓутоа, таму сега имаме проблем. А таму проблемот е што веќе е намален буџетскиот дефицит, заради тоа што немаме аранжман со ММФ, губиме скоро 2 милијарди кај донациите, губиме скоро една милијарда странски кредити па според тоа, буџетскиот дефицит исклучиво, или во најголем дел се финансира фактички, од домашни средства и од домашни заштеди. Преку отплатата на главнината и каматата еден дел од парите немаат да завршат во националната економија и оттаму, не е чудно што самата Влада од 4% колку што беше проектирано стапката на пораст на бруто домашниот производ, оди надолу на 3%. Прашање е при ваква концепирана буџетска политика, дали тоа ќе можеме да го рализираме. По реални се оценките на ММФ дека стапката сепак ќе биде под 3%, па и објаснувањето на ЕУ, односно Европската банка за обнова и развој.

Другиот аспект на кој што сакам да укажам исто така, се однесува на јавните расходи. Ние перманентно говориме дека имаме вонредно лоша структура на јавните расходи во Буџетот на РМ. Веднаш да кажам дека таа лоша структура не е од оваа Влада и јас кога бев министер тоа беше централен проблем. Многу лоша структура на јавните расходи. Но, сепак почитувани пратеници, поминаа 3-4 години и требаше тука барем да направиме некои почетни поместувања во смисла на подобрување на структурата на јавните расходи, бидејќи тоа е еден од предусловите за успешни аранжмани со ММФ и со Светската банка, а Македонија тие аранжмани секогаш велиме не треба да ги прави заради ММФ и Светската банка, ни заради самата себе си, меѓутоа, очигледно дека тука досега не успеавме ништо. Особено загрижува морам во оваа прилика да потенцирам, вонредно силниот пораст на платите. Во маса тие номинално се зголемени од 15 милијарди, плати, надоместоци, колку што изнесуваат таму некаде 1998 година, константно беа 14-15 милијарди. Сега според буџетот, на 18,6, 7 милијарди, значи, 3,5 милијарди номинален пораст и мислам дека тука и не се опфатени сосптвените средства со кој што Министерствата надвор од можностите финансии постојано да ги контролираат, вработуваат и даваат од сопствени извори дел на новите вработени. Така да, тоа е енормнен пораст, кој што понатаму ја оддржува и ја продлабочува лошата структура на јавните расходи.

Јас морам да кажам дека крајно загрижува тоа што се случува во доменот на јавната администрација. Мислам дека ние немаме реална претстава, колкав е бројот на вработени во јавната администрацкја. Меѓутоа, има еден фрапантен податок, сите пратеници го добија извештајот на Централната банка, отворете на страница 17, ќе видите дека за 2001 година скоро 50 илјади нови вработени. Никој тоа не го демантира. Претпоставувам дека многу го видоа. 50 илјади е активното население вработено, 49 илјади нови вработувања.

Сега, ако се има предвид дека 2001 година, инвестициите продуктивни имаат реално опаѓање, јасно е каде се овие вработувања. Еден значаен дел за Министерството за внатрешни, за одбрана, заради безбедносната ситуација итн.ѓ што се гледа и по структурата старосна на вработените. Најверојатно, податокот донекаде е реален, како што се констатира и во извештајот на Централната банка, мислам со право, затоа што анкетата за работна сила е правена заради воените дејствија во еден дру временски период, кога имаше многу ангажман во земјоделството, а тие луѓе се покажуваат според таа методологија како дополнително вработени. Но во секој случај, тоа е многу голем висок обем на вработеност. Сигурно дека дел се вработени и во стопанството, немам јас податоци за тоа, меѓутоа, во услови кога опаѓаат инвестициите, многу реално е да се претпостави дека главно е тоа непродуктивно вработување и во доменот на јавната администрација. Каде не води тоа, можете сите самите да оцените и ми се чини дека таа работа воопшто не е во ред. И сега внимавајте, другите аспекти на она што е социјала, е она што е наследено, не е од оваа Влада во буџетот ако ги гледате бројките, исто така ќе видите дека и таму имаме фрапантен пораст. Трансферите од Буџетот спрема ПИО достигнуваат екоро 7 милијарди. Трансферите во фондот за вработување 3,5 милијарди. сигурно има стафки, јас не навлегувам во техниката на аспектите, меѓутоа, тие се суштински, кои што не мора во една ваква ситуација да се троши. Земете канцеларии, опрема, мебел, и

коли преку 560 милиони денари итн. Но, да не должам, зборот ми беше да укажам на овие макро економски аспекти на фискалната политика. Сакам да завршам со следното: Ова што сега ни се случува, јас разбирам и предизборен период и за жал, во сите земји, и во развиените, парламентарни демократии, Владите трошат во предизборниот период. Тоа е теза која што е докажана во светот, така што ние не можеме да кажаме дека ние така не се однесуваме така, напротив, меѓутоа, од тоа што сега ни се случува ние веќе во октомври ќе мораме да го платиме како Република Македонија.

Воопшто не е битно по изборите дали ќе дојде една или друга влада, владата што ќе дојде, ова ќе мора да го плати, затоа што ќе одиме рикверц во многу работи. Затоа мислам дека е добро, ако е воопшто можно, во претстојниот период и сега и до крајот на годината да се оди максимално на нови рационализации, а јас сум сигурен дека има голем простор по буџетот да се направат нови рационализации, бидејќи има многу нови институции, има нови вработувања има институции каде се дуплираат функциите, едноставно не ми се потребни. Има многу позиции каде што барем во овој момент можат да се одложат, инаку, за секоја позиција може да се најде логично оправдување. Но, мора да има приоритети. Ние тоа не го правиме и сакав да укажам дека сето тоа дефинитивно ќе го поднесеме и ќе го платиме како една социјална сметка, како еден социјален трошок, затоа што во една ваква ситуаицја, нерационално се однесуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Јас во однос на ребалансот на буџетот по излагањето на видни експерти од областа на економската наука, навистина, немам нешто многу ново што да докажам, затоа што јас не сум економист и не ги познавам доволно финансиите да разговарам темелно, стручно во однос на Буџетот на РМ, но експертските екипи во ВМРО-Македонска го анализираа ребалансот на буџетот, кој што е предложен од страна на Владата на РМ, односно од Министерот на Владата за финансии и во однос на ребалансот на буџетот кој што се предлага да се усвои од страна на Собранието, имаме став, а ставот е следен: Кога се прави ребаланс на буџетот се прави во одредени ставки во однос на приходите и во однос на расходите. Ребалансот се прави со мали измени и тоа, поготово ако во текот на годината се случат некои непредвидени работи, дали е влошена безбедносната состојба, или ако Владата ја сменува фискалната политика во државата.

Ние од медиумите сме информирани дека оваа година РМ, не склучи аранжман со ММФ, така што после бројните напади од видни личности, високи личности од Владата на РМ, ММФ, си замина од Република Македнија и сега сме дека не може ММФ да врши контрола на буџетот и затоа сметаме дека доколку се склучи тој аранжман со ММФ дека Владата немаше да може на еден ваков начин да носи буџет односно ребаланс на буџетот. Убедени сме дека ребалансот на буџетот не може во текот на годината да се носи на секој пет месеци, доколку се води правилна буџетска политика. Затоа сметаме дека со овој ребаланс на буџетот што се предлага го донесе Собранието на РМ, претставува нов буџет на РМ, а не ребаланс на буџетот. Ваква буџетска политика ВМРО Македонска смета де води оној кој не знае да управува со буџетот, тоа е една причина и друга причина, веројатно го прави намерно, а со цел, како што истакна и господинот Таки Фити во предизборната кампања да бидат насочени значителни средства од буџетот на РМ. За да помине еден ваков проект, кој што е предложен од страна на Министерството за финансии и да Владата на РМ, треба да Собранието на РМ, да се изјасни за ваквиот ребаланс и јасно и гласно да им кажат зршто предлагаат ваков ребаланс на бу џетот.

Од излагањето на Министерот за финансии, како експозе претпоставувањето на ребалансот на буџетот на Седница на Собранието, беа сосема штури неговите образложенија во однос на потребите за донесување на еден ваков ребаланс на буцетот. Бидејќи ММФ си отиде, а Владата сака да го корегира буџетот, а знаеме дека е пред изборен период, ние сметаме дека Владата требаше да знае дека со невклучувањето на аранжманот со ММФ, не можеше Владата да смета на средствата во однос на приходи, кој што требаше да дојдат дека нема да дојдат во РМ, а станува збор за некаде околу 100 милиони германски марки.

А од друга страна Владата, односно Министерот за финансии планира многу високи расходи, кои што секако дека Владата ке ги направи тие расходи во текот на изборната кампања, за разлика од

приходна кои што многу тешко ќе се остварат. Тие пари кои што нема да стигнат со несклучувањето на аранжманот со ММФ, Владата има намера да ги надомести со средства кои што ќе ги собере од граѓаните и од стопанството кој што е во агонија и од граѓаните кои што се во катастрофална финансиска состојба. Секако дека нема друг начин, освен да се смени даночната политика, да се наметнат нови такси нови даноци на граѓаните и да се врши и понатаму продажба на државниот имот, а со цел во предизборието да се убедат граѓаните дека нешто добро е направено и да гласаат за актуелната власт. Затоа овие средства од странските донации и приходи, како и средствата од граѓаните, министерот, односно Владата, не требаше да ги троши домаќински, како што во повеќе наврати, кога сме биле во кампања за избори сме ветувале дека ќе ги трошиме. Меѓутоа се уверивме досега, со донесување на неколку буџети на оваа Влада, дека средствата се трошат за луксуз, а луксузот изнесува над 8 милијарди денари.

Доколку порационално и подомаќински се трошеа овие средства, ВМРО македонска смета дека ќе имаше доволно средства, за да се зголемат личните доходи на вработнеите во државната администрација, ќе имаше повеќе средства за раззвој, за нови вработувања, без притоа граѓаните на РМ, да се задолжуваат со нови даноци. Но, за жал, секако дека ако на таков домаќински се работеше, ќе немаше можност сега во предизборието на парламентарните избори Владата да може да го одврзе кесето и на тој начин да ги задоволи некои граѓани, кои што сеуште им веруваат да гласаат за нив. На овој начин, државата може да се судри со огромен буџетски дефицит, кој што ќе биде најголем во историјата на РМ, и да ја доведе до една макроекономска и безбедносна дестабилизација државата РМ. Зголемувањето на средствата на буџетот се лоцирани претежно во ресорите на Владата, кои што ги контролираат министри од партијата која што е доминантна во Владата од партијата ВМРО-ДПМНЕ и сметам дека сосема наменски ќе бидат средствата употребени во предизборни цели.

Што се однесува до приходите во Буџетот, знаеме дека политиката, која што ја применува Владата, предвидува дека до крајот на 2002 година нема да има пораст во економијата и исто така, веројатно, се предвидува и една значителна инфлација, што би можело да биде друга прогноза кога се носи еден ваков буџет кога буџетот мора да се сведе во намалување на приходите и на расходите во буџетот, Владата предвидува зголемување и на приходите и на расходите, што е буџетска политика антиреформска и се разбира дека е против развојот на економијата и на стопанството и против граѓаните на РМ. Или со други зборови може да се каже дали свесно или несвесно, помалку се води една предавничка политиака во однос на спроведувањето и планирањето на буџетот во Република Македонија. Ние знаеме дека секоја земја пред избори кога се наоѓа стопанството работи послабо.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (Продолжение)

Нашето стопанство и така е веќе во еден нокдаун што би рекле со еден боксерски жаргон за да разбере подобро министерот за финансии. И сметаме дека со една ваква буџетска политика дека македонското стопанство ќе се најде во нокаут. Затоа, сметаме дека ќе се соочиме со затоворање на фирми во иднина, отпуштање на работници од работа, неисплаќање на лижните доходи и нова река на работници кои што ќе останат без работа, а се разбира ќе се најдат на товар на буџетот на Република Македонија која што ќе бара понатамошно задолжување на земјата. И на крајот се создава еден што би рекле со медицински жаргон циркулус вициозус. Владата која што мисли на својот народ и на својата држава треба да го затвори овој магепсан круг на сиромаштијата, а тоа единствено се пресекува ако не се зголемуваат даноците и придонесите, барем не до бесконечни граници. Но, исто така доколку би се работело на тој начин се разбира дека би било добро и за државата.

Што се однесува до приходите министерството предвидува нови приходи поголеми од 4 милијарди денари до крајот на годината. Меѓутоа, тешко се наоѓа одговор од каде се тие дополнителни 4 милијарди денари. Има некоректна политика кај приходите на буџетот затоа што во време на избори добро ни е познато вели, ништо не работи, фирмите и економијата работат со послаб интензитет и нема приходи да се направат за разлика од расходите кои што сигурно дека ќе се направат. Сето тоа коментарот на експертите од областа на финансиите е дека ќе предизвика енормен буџетски дефицит и многу голема инфлација. Би сакал одговор на прашањето од каде се планира да се зголемат приходите на буџетото. Дали може некој од Министерството за финансии да ми одговори на прашањето колку денеска

имаме средства во буџетот на располагање. Би сакал тоа да биде одговорот на министерот за финансии, или одговор на заменик министерот за финансии дали имаат увид со колкави средства располага буџетот на Република Македонија.

Што се однесува до расходите на буџетот тие се предимензионирани. Предимензионирани се расходите за плати како маса на средства тие се големи. Ние едно време кога се носеше буџетот во 2001 година предложивме, можеби вас ви беше смешно и досадно, но преку 160 амандмани со цел да се подобрат платите на работниците. Меѓутоа, во оваа ситуација каде што не е сигурно од каде ќе бидат приходите остварени, мене ми е многу сомнително и дискутабилно ваквото планирање на буџетот во перспектива.

Што се однесува до политиката која што се предлага да ја води Владата секако дека сите ќе се сложите дека Владата требаше да води политика домаќинска со цел да се намали јавната потрошувачка, а со цел да се изврши разграничување од комерцијалните дејности на буџетарите од оние кои што се строго државни функции. Во ставката стоки и услуги се кријат енормно големи резерви, а истовремено во државата ни се случуваат работи кои што од меѓународната заедница и од поединци во самата држава се детерминираат како корупција и како грабеж. За време на воената криза може да се свати дека може би било нормално да бидат зголемени овие средства, но сведоци сме дека никој не даде отчет за тоа колку средства се потрошиле во воената криза. Оваа година исто така се предвидуваат големи средства за т.н. материјални трошоци и тоа средства со басновловни бројки. Предвидени се договорни услуги кои што на никој од нас овде не ни е јасно што претставува договорни услуги. Или ако има Владата потреба од ангажирање на консултанти се разбира дека овие средства навистина се преголеми за консултации од таа област. Станува збор за средства повеќе од една милијарда денари. За оперативни трошоци една милијарда и двеста милиони денари за патни и дневни трошоци, за комунални услуги, за транспорт, материјали, тековни одржувања, вкупно во износ од 12 милијарди и 656 милиони денари кои во нормални услови, а ако се земе за нормално периодот од 2000 година кога земјата не се соочуваше со безбедносна криза тие средства изнесувале 6 милијарди и 246 милиони денари. Се поставува логично прашањето зошто овие средства со овој ребаланс на буџетот се двојно зголемени. Во годините 1998 и 1999 година тие средства биле значително помали.

Друг дел претставуваат материјалните трошоци, средствата за купување на мебел, канцелариска опрема, моторни возила, проекти и физибилити студии, одржување на локални патишта и чешми кои што изнесуваат 5 милијарди 817 милиони денари. Тие се трошоци кои што Република Македонија, или Владата на Република Македонија во овој период кога земјата се соочува со сериозна економска и социјална криза не би смеела да си дозволи ваков луксуз. Јас мислам дека во предизборието се трошат толкави средства за моторни возила навистина за една влада која што е домаќински ориентирана се недозволиви. Оваа влада за последниве 3 години, за патни трошоци, затоплувања, материјали, договорни услуги и други трошоци потрошила повеќе од нормалните трошоци за 23 милијарди 577 милиони денари, или вкупно 780 милиони германски марки. Исто така, во последните 3 години за купување на земјиште, мебели, физибилити студии, возила и други трошоци потрошила повеќе од 16 милијарди 710 милиони денари, или повеќе за 550 милиони германски марки. Еве зошто во периодот од 2001 година кога Владата на Република Македонија на Собранието му предложи да го усвои буџетот за 2001 година, пратеничката група на ВМРО Македонска изготвни повеќе од 150 амандмани и предлагаше на Владата и на министерот за финансии да ги прифати нашите сугестии со цел да се стави крај на расипничкото трошење на сревствата. Меѓутоа, за жал не знаеме зошто и од кои причини ниту еден од нашите амандмани не беше прифатен од страна на Владата.

Во областа на земјоделието се формира буџет на Фондот за земјоделие кој што треба да изнесува 1 милион и 300 илјади германски марки со кои што се предвидува вработување, се разбира како што е вообичаено во денешни услови по партиска линија на некаде околу 150 нови вработувања кои што ќе имаат задача во последниве 6 месеци до крајот на годината да ги потрошат овие средства, или поединечно по 11 илјади германски марки по вработен. Овие сревства секако дека тешко ќе може некој да демантира дека не се наменети за подобрување на и така лошиот рејтинг на Владата кај граѓаните на Република Македонија кои што со душа чекаат да дојдат изборите и да си го кажат тоа што имаат да го кажат. Сметаме дека се

крши законот за приватизација со кој што се предвидува средствата да се наменат за враќање, сервисирање на долгови кои што ги има Република Македонија кон странство, а исто така и за отворање на нови работни места. Така што сведоци сме дека секојдневно во Република Македонија се сечат ленти, се ставаат камен темелници на спортски сали, на уличиња, на чешми, слична политика која што е практикувана пред 60-тина, или стотина години можеби на овие простори што јас мислам дека нема многу да помогне во текот на изборите.

Што се однесува до средствата од 31 милион и 296 илјади и 370 денари кои што беа предвидени со буџетот од 2001 година за изградба на заразно одделение во Прилеп, конкретно со планот за реализација до 2002 година сакам да ве информирам дека не сум запознат дека во Прилеп се стасани некакви средсва кои што беа предвидени за кои што ние пратениците од Прилеп се радувавме дека ќе стигнат во периодот кога на Прилеп му се закануваше епидемија заради немањето на вода од 6, 7 месеци во минатата година и сметавме дека тоа наше единство овде во Собранието кога гласавме за буџетот и за амандманот за средства за градење на заразно одделение ќе биде нешто добро за Прилеп. Но, денеска граѓаните ме среќаваат и ме прашуваат каде е заразното одделение и дали ќе стигне барем една цигла од средствата кои што беа наменети за изградбата на ново заразно одделение ќе стигне во Прилеп.

Има уште доста да се дискутира. Пратеничката група. на ВМРО Македонска подготвивме 20-тина амандмани со кои што најдобро намерно, не дека имаме нешто против Владата, или против министерот за финансии. Конструктивно како што беше нашиот конструктивен однос во однос на донесувањето на буџетот за 2001 година сакаме да најдеме разбирање од страна на министерот за финансии и Владата на Република Македонија да го подобриме домаќинското пласирање на средствата и планирање на буџетот, односно ребалансот на буџетот кој што сега се наоѓа пред нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ванчо Чифлиганец.

Не е тука. - Дали некој друг бара збор.

Има збор Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, кратко би дал неколку одговори, невозможно е на сите, но неколку од нив би сакал да ги прокоментирам.

Прво, основно да споменам од неколку пратеници беше спомнато дека ребалансот се предлага, предлага зголемување од 4 милијарди, не е за 4, туку за 3 милијарди. Да се знае, бидејќи еден од друг слушаат и си повторуваат после без да проверат. Три милијарди на годишно ниво, на полугодишно нормално половина. Понатаму, беше споменато дека на ставките 426 и 427 има простор за заштеди. Треба да се знае што содржат овие ставки па да се коментира.

Прво, на ставката 427 е пописот кој што според плановите треба да се одржи во втората половина на годината, потоа таму се парите за избори, исплатнините за пензионирања, обврски од минати години итн. Во ставката 426 имаме осигурувања во одбрана на објекти, на возила итн., статистички истражувања, просторни и урбанистички планови, заштита на езера и реки и субвенции за земјоделие, членарина во меѓународни организации, така што тоа се ставки во кои што навистина не постои простор и веројатно не беше добро проверено пред да се даде овој предлог. Понатаму, беше споменато дека сега се расходите во централниот буџет процентуално во бруто домашниот производ многу зголемени. Расходите во 1998 година беа 21,2%, а во 2002 година, за централниот буџет зборуваме 25%. Меѓутоа, има објаснување. Во 2002 година имаме наследени обврски од 0,83% од бруто домашниот производ, пензиите 8% што ги враќаме 0,46% од бруто домашниот производ, замрзнато девизно штедење 0,24%, Стопанска банка обврзницата 0,13%, Телеком проекти 1,3%, бидејќи и тие влегуваат во дефицитот иако се покриени од парите од Телеком, расходи за кризата 1,8%. Така што кога ќе се земат тие да речеме кога не би наследиле такви долгови и кога не би ја имале кризата, ние би имале за нешто помалку 21,1% би имале расходи, наместо 21,2% во 1998 година. Понатаму, беше споменато дека не издржа многу повеќе пари од економијата. И беше споменато дека тоа не е со покачување на даноци, дефинитивно не е со покачување на даноци, меѓутоа во никој случај ова не може да се смета како влечење на повеќе пари, односно гушење на економијата од причина што парите воглавно се извадени од сивата економија. Вие знаете дека Владата

покрена една жестока кампања против сивата економија, против неплаќачите на данок, против оние кои што вршат евазија, покрена 400, 500 кривични пријави на големи компании, на директори на големи компании кои што затајуваат данок не со цел на некого нешто да му направи, едноставно да воведе една нова атмосфера во која што атмосфера треба да се знае дека секој мора да си го плати данокот. Понатаму преземавме и други мерки во правец на зајакнување на контролите, зголемен е бројот на контролите итн, воведени се мерки кои што секојдневно ги зборувам во јавноста и како резултат на тоа имаме и повеќе приходи во буџетот кои што можеме сега да ги искористиме за целите за кои што сега ги користиме, тоа е воглавно за зголемување на платите и на пензиите на пензионерите во Република Македонија. Беше споменато и тоа дека многу растат платите во маса и се покажа едно стравување дека тоа значи дека има огромен број на вработувања. Јас не знам по кој знае кој пат ќе го демантирам тоа и ќе споменам дака не е така. Околу 66 илјади се вработувањата во буџетската администрација, а со Фондот за здравство се околу 92 илјади. Беше спомената дека минатата и оваа година имало многу вработувања. За ваша информација минатата година имаше околу 1000 нови вработувања и да споменам дека секоја година нормална бројка на луѓе кои што одат во пензија е околу 1200. Значи тука не може да се зборува за некакви големи отстапки. Оваа година малку е поголемо, поголем е бројот, но има и зошто. Прво, имаме планирано во самиот буџет поголем број на професионални војници согласно стандаредите на НАТО, односно согласно акционата програма за влез во НАТО. И тука имаме одобрено околу 1500. Сите не се вработени, но во тек се тие активности, така што тоа прво планирано е во буџетот, договорено е со ММФ, договорено е со НАТО и мислам дека една таква стратегија е општо прифатена во земјата од сите политички партии и тоа е иднината на земјата, намалување на бројот на регрутна војска, а зголемување на бројот на професионална војска. Проценките се дека таквите војници вредат за неколку регрути кои што немаат искуство, немаат доволно вештини итн., и на тој начин ќе се намалат и трошоците во иднина во самото Министерство, бидејќи колку ќе се зголемува професионалната војска, *ќе* се намали регрутната војска и трошоците за неа. Тука се и одреден број вработувања во МВР кои што беа неопходни во овој период вклучително и вработување на албанци согласно Рамковниот договор. И конечно околу 300, 400 вработувања што следеа од реформата на платниот промет, делот што прејде во државната администрација, така што и тука бројката нема да биде некоја значајна, некаде веројатно под 1000 луѓе, под 1000 луѓе во секој случај и не може да се зборува.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (продолжение)

Дури и кога ММФ кога беше, кога го направи извештајот за првите три месеци констатира дека не само што сме во рамките на маса на плати, туку имаме и неискористен простор, така што далеку тоа дека има одредена експанзија.

Инаку се согласувам дека структурата на Буџетот не е најидеална, дека треба постепено да се менува. Ние тоа го започнавме во 2000-та година, меѓутоа она што се случи минатата година бараше и нови вработувања, а сега со рамковниот договор дополнителни обврски, веројатно такви обврски ќе има и во следната година и наредниоте години што доаѓаат и ние ќе продолжиме во тој правец на менување на структурата но веројатно ќе оди побавно одколку што мислевме, затоа што сега државата доби нови обврски со .Рамковниот договор и од плановите за влез во НАТО.

Тоа би било накратко што можам да го одвојам.

Има и некои амандмани за кои мислам дека се од ВМРО Македонска кои што всушност значат зголемување на дефицитот од 1,9 милијарди што неможеме да ги прифатиме. Некои од нив ако се конструктивни и ако се добри ќе ги прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам, после за амандманите.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Тоа ми беше целта на еден дел од мојата дискусија, да отвориме полемика околу изнесени ставови. Секако во таа функција се јавувам, со цел да го кажам следното на тоа што беше претходно кажано.

Во двете ставки што јас ги споменав и кои што се високо димензионирани како потрошни стапки во Буџетот. Сеуште така мислам бидејќи дополнителното објаснување не ми го промени тоа мислење, затоа што мене ми е

добро познато кои се потпозиции се содржани во овие позиции. Истовремено мене ми е познато дека тие и претходно постоеле освен пописот, така да ако во 1998 година, која што исто така беше изборна година и во која што исто така беа потребни средства за изборите двете ставки во Буџетот беа доста пониски. Ако сакате конкретно, ако добро се сеќавам а мислам дека добро се сеќавам ставката 426 изнесуваше 679 милиони, а ставката - Други оперативни трошоци изнесуваше 501 милион за сите тие обврски кои што како потпозиции министерот ги спомена сега. А, вашите две ставки собрани се 2300 и нешто милијарди. Така да ова ќе треба да се помачите дополнително да го објасните кои се и по кој основ зголемени трошоци, затоа што ценам дека барем заради стручноста моја и ваша едно е заеднички гледањето да има рационална буџетска потрошувачка. Рационалната буџетска потрошувачка е директно во функција на општите стопански текови во нашата држава. Тоа е првиот мој коментар.

Вториот коментар е околу напорите кои што Владата ги вложува а кои што резултирале со намалување на сивата економија и по тој основ така остварени приходи и планирано до износ предвиден со ребалансот се остварат до крајот на годината. Каде сакате сега од овде да излеземе заедно со министерот прво ќе видиме дека тоа што е кажано не е токму целосно точно и покрај мојот позитивен став во однос на ангажманот во врска со преземање на казнени мерки за сите оние кои што не ги спроведуваат законите во .РМ, но дополнително би го кажал следното.

Во РМ со воведувањето на ДДВ секако дека до крај основната цел за која што се имплементира таков законски проект во една држава, а тоа е намалување на сивата економија, во тој период не се презедоа дополнителни мерки кои што во ист момент ќе го намалеа товарот врз стопанството со примената на законот за ДДВ.

Во исто време не се презедоа паралелни мерки, или после тоа врз интервенирање на законски проекти со кои што ќе се ублажеше ударот или ќе се амортизираа ценовните удари. Не на ниво мерено низ трошоците на цени на мало, туку на оние производи и на оние потреби кои што се витални за животот на граѓаните.

Г-дине министре неможете да одбегнете од фактот дека со воведување на Законот за ДДВ се реализираа во РМ нови оданочувања на прехрабените производи. Ново оданочување на електричната енергија. Дали сте ја погледнале сметката пред април и сметката после април во годината во која што се воведе Законот за ДДВ? Дали ќе спорите дека и лековите се оданочени? Дали ќе спорите дека сите добра, одделни добра, и сите услуги се оданечени вклучувајќи ги и услугите во телефонијата? Дали ќе спорите дека нафтата и нафтените деривати се двојно оданочени?

Јас велам во оваа прилика дека по тој основ се зголемени доминантно приходите во Буџетот на РМ. Повторувам, доминантно. Еве само ќе презентирам еден показател.

Поради зголемувањето на цените на импутните трошоци во Секторот индурстрија и рударство дополнително пресметано беа потребни 1 милијарда 642 милиони денари за одвивање на производниот процес во индустријата и рударството. Поради двојното оданочување на нафтата и нафтените деривати дополнително во стопанството за енергентни беа потребни 336 милиони денари. Мислам дека не сме економисти и овие се показатели кои што ја објаснуваат ситуацијата во која што како отежната се најде врз тие основи македонската економија. Јас таа теза ја држам и мислам дека анализите кои што се направеи, ги имам пред себе, а упатуваат на економски логични размислувања во овој правец во кој што јас се произнесувам.

Околу позициициите наемнини, плати и други надоместоци јас ценам, вие не бевте тука кога говорев за тоа и можеби заради тоа лошо ви е пренесено како кажав, јас споменав јавна администрација. Тука подразбирам администрација во државниот сектор и администрација во јавните претпријатија. Зарем спорите со мене г-дине министер дека во секоја подружница во РМ во Еелектростопанство се вработени најмалку нови вработувања, за Ресен 20 ќе кажам а Куманово 60 и така од место по место. Да не зборувам за здравствените установи, така да бројката што ја кажав е проверена бројка и таа е реална бројка, штета што до вас таа не стигнала.

Во таа прилика кажав и за војниците и позитивно се однесуваше мојата дискусија на потребните парични средства за надоместок на потребите кои што дополнително се јавија во РМ за обезбедување на пари за безбедносните сили. Токму така кажав. Сеуште стојам на ставот дека можеше и мораше да се

димензионира овој ребаланс за потребите кои што се преземени врз основа на Договорот направен со Синдикатот и дека заради обезбедување на средства за обезбедување на реализацијата на тие потреби мора да се најдат внатрешни резерви, мораше Владата да се откаже од луксузи во кои што таа живее, затоа што најверојатно дека единствено таа живее во луксуз во РМ и дека скратувајќи го тој луксуз да направеше рационализација во трошењето на тие средства.

На крај со она што вие почнавте. Јас кажав номинален износ 4,2 милијарди денари износ на новопланирани приходи, а новопланираните приходи се толку. И во вашето воведно излагање кажавте износот на новопланирани приходи е за 4,2 милијарди денари поголем во однос на Буџетот за 2002 година. Тоа вие го кажавте. Тоа е содржано и во цифрите кои што вие ги презентирате, така да неможе да се промакне термин ребаланс, зголемување на буџет или новоформирани приходи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и г-да пратеници, бидејќи полно работи беа кажани во однос на овој ребаланс на буџет не би ги повторувал иако гледам веќе една тенденција од партијата на власт овој буџет да помине без многу други расправии. Евидентно е дека секој тука располага со некои свои податоци, секој дава свое гледиште на буџетот, зависни од тоа каде поаѓа. Немаме податоци што се исти и за Министерството и за оние што ние ги имаме, што пак упатува на таа тенденција дека свесно се стои на ставот по секоја цена и без никакви поголеми промени да помине овој нов буџет. Велам нов буџет бидејќи е очигледно тоа не е обичен ребаланс со што би го повторил говорот од г-динот Мирчевски за да биде ребаланс требаше да има многу помали промени во истиот и во ставките на истиот буџет. Мислам дека тука под форма на едно барање на Синдикатот за зголемување на платите се прави многу поголема промена во онаа ставка што значи трошок од буџетот и иако само 30% од новите давачки во расходната страна се за правата во кои е и причината за овој ребаланс, а се друго е во функција на предизборието односно зафаќање на што повеќе пари од буџетот за една единствена цел, а тоа е евентуално купување на гласови преку познатите и во минатото применети мерки во предизборието кокетирање со одредени социјални групи кои што свесно или несвесно се држат во сиромаштија, а во предизборието онака осиромашени специјални групи на луѓе им се фрла по нешто ситно за да потоа последните години повторно дојдат во она што се вели социјална беда.

Иако гледам дека нема многу дискутанти заинтересирани за буџетот, а буџетот по правило е економски Устав на земјата и ме чуди зошто толку нема интерес, сепак ние како пратеничка група -на ВМРО - Македонска досега покажавме активен став во однос на сите буџети и според нашата евиденција над 71% од вкупните амандмани што беа поднесени за ребалансот на буџетот од 2000-та година, буџетот за 2001 и 2002 година беа поднесени токму од оваа пратничка група на ВМРО-Макеоднска. Тоа не е случајно затоа што ВМРО-Македонска има прецизно и јасно дефиниран став за прашањето на буџетот и буџетската политика што треба да се води во РМ и за макроекономската политика на државата. Македонска знае со каков буџет и буџетска политика може Македонија да се извлече од евидентно длабоката економска и социјална криза која што ја имаме во државата.

Цврсто стоиме на став дека даноците, придонесите и другите давачки према буџетот треба да се намалуваат односно тие треба да имаат помала динамика од динамиката на бруто домашииот производ.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**(Продолжение)

Учеството на социјалната програма во Буџетот мора да се намалува, мора да расте развојната компонента на Буџетот преку зголемувањето на инвестициите, што не е случај. Преку Буџетот мора да се врши подршка на производството. Гледаме една позиција Буџетот рапидно да расте, а производството, она што треба да го полни Буџетот опаѓа.

Нашите видувања, критиката на Буџетот и буџетската политика поаѓаат од Буџетот од 1999 година кога и почна буџетската политика на оваа Влада. Тоа е, бидејки Македонија се судри со бегалска и безбедносна криза, тоа сите го знаеме, така што 2001 година се слични како 1999, токму од оваа причина. ВМРО Македонска беше жесток критичар бидејќи ги знаевме и укажувавме на последиците од погрешно водената буџетска политика, а тие, таксативно наброени се следниве:

Буџетските приходи во буџетите во 2000 година, 2001 и 2002 година во однос на 1999 година се поголеми за износ од 69 илјади 124 милијарди денари или повеќе за 2,3 милијарди германски марки или по ново тоа се над 1,1 милион евра. Истите се поголеми пари во буџетите за 2001 и 2002 година, се собрани од зголемени даноци и придонеси во износ од 37,5 милијарди денари и наплатени повеќе даноци во однос на порано од 1,2 милијарди марки. Значи, повеќе наплатени даноци, повеќе зафаќања од оние и онака истоштени граѓани, стопанството на државата.

Други приходи на Буџетот во износ од 12,6 милијарди денари. Следна ставка во приходната ставка на Буџетот е распродажба на државниот капитал што е во износ од 18,1 милијарда денари и како последна тоа се донации и задолжувања во странство во износ од 11,1 милијарди денари. Овие огромни средства на Буџетот, како резултат на зголемени даноци и придонеси и исцрпување на стопанството и граѓаните во координација и распродажба на општествениот капитал, што е евидентно, што е со криминална позадина и здружено со огромните задолжувања во странство и внатре во земјата беа потрошени на следното:

За полицијата и армијата се потрошени 26,1 милијарда: за социјалните програми 14,1 милијарда и многу индикативно, во онаа ставка што значи луксуз за мебел, возила, за кабинети и други луксузи што евидентно е дека властодршците не гледаат крај и за други нестопански инвестиции се потрошени дури 16,7 милијарди. Да повторам, за социјални програми 14 милијарди, а за луксузот на носителите на власта дури за 2,1 милијарда денари повеќе. За отплата на странски и домашни долгови се потрошени 12,2 милијарди.

Како резултат на ова погрешна, лоша и антидржавна буџетска политика и висока, енормна буџетска потрошувачка е дојдено до агонија и тотален раскол на македонското стопанство. На терен имаме стечај и ликвидација на огромен број фирми како резултат на лошите стопански услови и зафаќањата на државата и не интересот кон истите субјекти. Имаме голем број субјекти со неисплатени плати, отпуштање од работа. Иако тука имавме некои согледувања од министерот, евидентно дека тоа не е ист министер на нашава земја бидејки други се состојбите. Имаме над 200 илјади нови невработени, над 85 илјади, според статистиката, осиромашени фамилии, имаме енормно зголемено мито, корупција и организиран грабеж. Така што незнам на што мисли министерот кога вели дека ги средувал состојбите, дека се намалува сивата економија. Најголем одлив има баш преку државните служби и најголемите дисторзи во стопанскиот систем имаме баш преку тие институции на системот.

Во Република Македонија, за време на осамостојувањето и плурализмот никогаш повеќе немало мерцедеси во истата, се мисли на државната администрација и никогаш повеќе немало толкави трошоци во моменти кога државата и граѓаните се во економски колапс. Владата, евидентно и институциите тоа не го ценат, туку преку големите зафаќања на Буџетот го зголемуваат и својот луксуз. што е евидентен и да не ги повторуваме фактите.

ВМРО-Македонска, за време на донесување на буџетите и сега кон ребалансот на Буџетот, со цел да подобри нешто во понудениот текст, даваше амандмани. Амандманите не беа со цел нешто да се критизира, туку сега сите ги подобруваат ставовите. Тоа е една мала победа, бидејки истите амандмани што беа одбиени сега, преку ребалансот на Буџетот се прават одредени промени. Штета што тие промени не се направени на начин како што ние планиравме, туку со зголемување на истиот Буџет. Со досегашните амандмани на Буџетот што беа предложени точно 261, како ВМРО-Македонска баравме:

Намалување на приходите на Буџетот од даноци, придонеси и такси. Тоа не се направи.

Баравме намалување на капиталните приходи бидејќи со приватизацијата, преку огромните попусти се разграбуваше државниот и општествениот капитал.

Баравме намалување на задолжувањата во странство. Баравме уште тогаш зголемвување на платите на јавната администрација за 11%, што во неколку наврати ќе беше остварено ако се прифатеа овие, така што не ќе имаше потреба со овој ребаланс тоа да се прави вака. Наместо месец-два пред изборите истите луѓе ќе ги имаа средствата за подолг период. Поради тоа не можам да се отргнам од впечатокот дека ова е само една предизборна кампања.

Со амандманите баравме зголемување на најниската пензија, надоместок за невработеност и подршка на земјоделието извозот.

За жал, тогаш министерот за финансии не прифати ниту еден од овие амандмани денеска изјави дека е подготвен дел од амандмнаните што денеска се прифатени, а се во функција на подобрување на истово што е предложено да прифати, но сепак последиците од тоа нема да ги сноси тој, туку и сега и тогаш ќе ги сносат сите граѓани на РМ. Меѓутоа, ние не би биле македонска партија ако не сме цврсто решени во опстојување на нашата декларирана политика, така што и сите денеска поднесени амандмнаи на ребалансот на Буџетот за 2002 година ќе ги браниме. Се надеваме дека *ќе* бидат прифатени бидејки се во функција на подобрување на истиот текст.

Дали Владата решила да го уништи македонското стопанство и да ги дотера македонските граѓани до просјачки стап, евидентно е дека е решено, евидентно дека после овој Буџет следната Влада ќе има огромни потешкотии бидејќи ќе треба да ги решава тешкотиите во системот што ќе настанат, евидентно и некои промени што беа спомнати и од другите говорници. Но сепак, тоа е за некое идно време.

Како инаку да се свати министерот за финансии кога од чисто лични, партиски интереси *се* откажува од странска помош во износ од 100 милиони германски марки или по ново над 50 милиони евра? Како, кога во услови на пад на БДП што се предвидува за 1%, се предвидува напротив зголемвување на даночните приходи за 7,4%, факт што го кажаа и некои други претходници, тоа само нему му е јасно. Таква буџетска политика дефинитивно може да води дефинитивно само министер за финансии и Влада што не си ја сакаат државата односно луѓе кои сопствената држава ја продаваат само да останат на власт. Тоа не може да ни се отргне ако генерален впечаток.

Затоа, ВМРО-Македнска е против овој ребаланс на Буџетот за 2002 година, бидејќи според досега кажаното цениме дека е полн со вградена корупција, организиран грабеж, полн со прави терористи, економисти на македонската економија. Едните ги амнестира ова Собрание, се надевам дека во иднина нема истото да се случи за оние што можеби се потешки за македонската економија. Благодарам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри во Владата на Република Македонија и почитувани колеги пратеници, вообичаено при завршетокот на секоја година, пред секоја година која не очекува се донесува Буџет во соодност со макроекономската политика на Република Макеоднија. Сигурно, колку да биде педантна и прецизна Владата, колку да има капацитет не може се да се прецизира. Затоа, сега, Владата на РМ бара ребаланс за 2002 година.

На почеток, како пратеник морам да кажам, во овој законодавен дом, очекував од Владата на РМ еден суштински ребаланс, а не она што го прави министерот за финансии г-динот Груевски, административно формално, би рекол на онаа договорна економија што беше порано, а можам да кажам дека и сега е присутна. Зошто тоа го велам дека административно-формално, технички му приоѓа на ова прашање, а не од суштинско значење. Одговорот го имам без да ве омаловажувам, веднаш да го кажам, како министри на Владата на Република Македонија и останатите кои учествуваат во Буџетот. Можеби тоа е одраз на капацитетот што моментално го поседува Валдата на РМ.

Кога донесуваме Буџет или ребаланс не смееме во ниту еден момент да заборавиме на развојната компонента, на севкупните економски движења што ќе се одразат во РМ. Затоа имам еден таков негативен приод, став кон овој ребаланс што се донесува.

Зошто министерот за финансии г-динот Груевски не се запраша кои се тековите, економските движења во моментот за година 2-3-4 додека партиципира во извршната власт и да не кажам во изминатата година, односно во изминатите децении. Како РМ сме во една огромна економска стагнација. Ќе го поткрепам само со еден факт, ако стоковната размена со странство беше во 1990 или 1991 година околу 2.800.000.000 долари, зборувам за 1991 година, од кои имавме извоз цирка 1,3 милијарди долари, увоз имавме 1,5 милиони долари и после 10 години во кои лон услугите беа и вкупните извезени стоки, не мислам само на производство, туку и на лон услуги, зборувам за 1991 година. Сега, во 2001 година, во 2000 година имаме вкупен увоз 1.300 милиони

долари, а денеска или минатата година, пред две години, сега зборувам само за после 10 години, имавме 2.100 милиони долари увоз. А извозот ист.

Зошто не се запрашаме како извршна власт, како ресорно министерство, министерот за финансии Груевски на што тоа се должи? Тоа е факт. Ниту сум го измислил, ниту мојата пратеничка група СДСМ го измисли. Тоа е дадено како информација од Министерството за економија за актуелните економски состојби во РМ. Тоа значи извозот, господо, Влада на Република Македонија, Министерство за финансии, г-дине Груевски дека извозот стагнира, увозот се зголемува и дирекно со тоа имаме една зависна национална економија. Затоа што вкупниот дефицит моментално или за изминатата година на РМ претставува 532 милиони долари. Г-дине Груевски, министри за финансии на ова прашање пред овој законодавен дом, пред македонската јавност и граѓаните треба да одговорите што тоа значи во минатото не, што значи сега, посебно понатаму ако имаме таков недоволен негативен тренд односно трговски дефицит, дебаланс? Затоа, било која Влада на РМ, зборувам за актуелната власт на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, за овие стратешки прашања мора да има одговор пред граѓаните на РМ. Затоа имаме ние доверба, како пратеници да дадеме принципиелни укажувања, предлози, а Вие како извршна власт пред целокупниот македонски народ да одговорите на овие прашања што побрзо.

Во 2001 година имавме извоз 1.100 милиони долари, а увоз 1.700 милиони долари односно извозот учествуваше во севкупната тековна размена со странство со 40%, а увозот со 60%. Мислам дека тоа не смееме во ниту еден момент, немојте да зборувате за маркетинг, немојте да зборуваме за партиска припадност, немојте да зборувате за субјективизам, немојте да зборувате сега за 4 или 8%. Нема пратеник во овој парламентарен дом не само на пензионерите, не само на синдикатите на било која сфера на живеење, делување, дејност, на работници интелектуалци што треба да се зголеми платата. И тука како пратеник и како припадник на Партијата СДСМ немаме. Но, дали ние тоа можеме во наредниот период да го издржиме без една нова создадена вредност, без една комплексна репродукција? Фактите зборуваат не сакам да бидам ограничен, да ги анализирам фактите за последните 4 години од вашето владеење, туку ги анализирам за последните 10 години.

Ништо подобро, избегнувајте ги конкретните аргументирани факти кога зборувате за Буџетот, за економските движења во РМ за 2002 година. Извозот 36%, увозот 64% во вкупната стоковна размена со странство. Тоа е за првите 4 месеци, податок што го имате во вашите бироа, фиоки, но не сакате да се соживеете со тој факт, а најмалку да работите како тоа да се надмине, да се ублажи тој проблем. Вие сте за тоа поставени. За тоа имате доверба и на крајот на криштата од тоа егзистирате, за тоа сте платени. Дали дебело или малку платени, во тоа не сакам да навлегувам.

Ова не е само прашање на едно ресорно министерство во Владата на РМ односно на г-динот Груевски кој се експонира повеќе отколку што треба во пропагандата, медиумите. Ќе кажам за тоа. Тоа е прашање и на останатите минситерства во Владата на РМ. Пред се мислам на Министерството за економија, а не треба да заборавааме кога се работи за трговски дефицит Министерството за надворешни работи. Само незнам дали поединци, но би рекол, ајде, не сакам сега да зборувам, на највисоко ниво, дали досега Владата на РМ, каде се променија повеќе министри за надворешни работи, при нивните посети во странство дали е тоа прашање број еден? Нема подобри односи. Ние можеме да зборуваме за неверојатно добри односи, билокакви, со нашите соседи. Но, самиот факт, во стоковната размена со странство, под број еден влегува Германија. Тоа е за нас држава, нација за почит. Влегува СР Југославија или Србија и Црна Гора. Анализирајте ги останатите соседи да видите каков негативен биланс имаме со нашиот сосед Бугарија. Да видите што се не увезуваме од Бугарија. Не што се произведува во Бугарија, се произведува во Украина во Русија. Зарем тоа не е прашање на оваа Влада на РМ, зар не е тоа прашање за Министерството за надворешни работи. Зар не може во тие трансакции да биде 10-15-20%. На 30 милиони долари 20% се 6 милиони долари. За 6 милиони долари се прават нови фабрики, нови вработувања, нови технологии.

Никогаш не треба да заборавааме господо министри во Владата на РМ, столбовите на извозот, сакале или не сакале, без производство, без

квалитетно производство што ќе се пласира не само на домашен туку и на странски пазар столбовите - црната металургија, кои ефекти? Таа учествува со 25% на извозот на РМ. Треба и овде да се анализираат ефектите што директно, дали само преку придонеси, дали само преку платите се егзистенција на одреден број луѓе да кажеме илјадници, учествува во развојот. Вториот столб - текстилната индустрија, третиот столб - аграрот, тутунот.

Мислам дека е време, знам дека Владата на РМ нема време затоа што во овие приватизациони услови, безбедносни и т.н., а пред се оптоварени самите со себе каде ќе се најдат лично, каде ќе се најде партијата, дали ќе добијат доверба, но дури тогаш ние можеме да зборуваме дека сме одговориле на задачите како министри во Владата на РМ.

Јас не можам да не го потенцира прашањето министерот за финансии во своето воведно излагање, ние не можеме да зборуваме за тековно производство, за негово унапредување без инвестирање во техничко-технолошкиот развој и унапредување. Нема клима, амбиент да создадеме тоа што можеме, па макар да издвоиме 1% за техничко - технолошко унапредување на тековното производство и точно да кажеме , да лоцираме кое е тоа производство што ќе го пласираме на домашен пазар, што ќе се изврши супституција за увоз. Или, да го пласираме на странски пазар со конкурентни цени, што на Македонија ќе донесе нето девизен ефект.

Почитувани, куртуазно да настапуваме, Влада, министри на Република Македонија, за овие 4 години бев длабоко убеден дека барем ќе се обидете на тој план нешто да направите. До ден денеска еден Буџет, еден ребаланс, друг Буџет, друг ребаланс, трет Буџет-трет ребаланс, четврт Буџет-четврт ребаланс, ни чекор нема понатаму од тоа. Денеска увезуваме производи што секој може кај нас да ги произведува. Денеска увезуваме италијански јаболки, денеска не увезуваме, шверцуваме домати, патлиџани. Увезуваме. Зарем со тоа можеме да бидеме горди, бидејќи со тоа директно ја поткопуваме македонската економија, а со тоа и државата и сите полуги на функционирање на институциите во Република Македонија. Некој ќе рече еден камион таму, еден ваму. Тоа е цел воз. Една општина може од тоа да егзистира.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Барем два пати годишно министерот за финансии или еднаш годишно премиерот на Република Македонија, треба некогаш да се задржи на прашањето за задолженоста на Република Македонија.

Дали Република Македонија во овој момент е солвентна или не, дали е ликвидна или не е ликвидна?

Во Информацијата што ја има дадено Владата на Република Македонија ќе видите огромни блокади има од должничко доверителните односи. Ке добиете впечаток дека комплетно Република Македонија се наоѓа под еден огромен стечај, што нема бегање од тоа. Денес Македонија е задолжена 1,5 милијарди долари, плус минус 5%.

Оној кој сака да ја води оваа држава, оној кој сака да седи во овие парламентарни групи, оној кој сака да седи на премиерско место мора да има јасна визија за наредниот месец, за наредната година, за наредните четири години, колку ќе ја раздолжи и на кој начин ќе ја раздолжи република Македонија. Но видете за овие четири години, јас би рекол поволни грантови кредити видете колку ние ја задолживме Република Македонија. Тоа прашање е суштинско прашање за секој министер за финансии, за економија и за премиерот на Република Македонија, па и ние тука мораме со тоа прашање да елабориране, да даваме конструктивни предлози, кој помалку, кој повеќе, но сите во границите на своите можности. Ние денес носиме ребаланс, а воопшто не го дотакнавме тоа прашање да кажеме толку и толку средства и од таму ќе се вратат, затоа што Република Македонија е меѓу најзадолжените земји по глава на жител. Тука одговорноста се повеќе и повеќе се изострува. Три мандати во овој парламентарен дом од тој повеќепартиски систем одговараме пред народот бидејќи тој не бира. Лесно е да изјавиме, ние ќе победиме, ние ќе дојдеме на власт, па ќе видите и тн. Треба ние со фактите, со аргументите пред овој народ да излеземе.

Едно прашање јас повеќе пати го дотакнувам. Мора министерот за финансии да одговори на тоа прашање. Имено, јас сакам да го поттикнам тој да има позитивна улога на планот, кога се води макроекономската политика на Република Македонија, кога мораме да имаме предвид како се ракува со девизните резерви на Република Македонија. Зошто го поставувам

тоа прашање? Го поставувам затоа што, само ако пресметаме по било кој основ колкав девизен одлив има Република Македонија по основ на камати, а колку има девизен прилив, точно јас знам од извештајот на НБМ, по основ на камата, па ќе видите колкав расчекор има. Затоа одговорните, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии да им укажам дека тука може десетици и десетици милиони да се заштедат, ако се работи подобро и помудро со девизните резерви. Мислам кога ќе дојде извештајот од НБМ тогаш за тоа повеќе би ја елаборирал.

Не треба да заборавиме, можеби и претходната Влада, а посебно оваа Влада, за четири години испуштивме огромна можност во приватизациониот циклус, приватизационата фаза, транзицијата да ја искористиме за развој. Огромните средства добиени од продажба на државниот или општествен капитал во фирмите кои се градеа десетина години во Република Македонија, ние во ниеден момент не ги правилно насочивме и искористивме за развој на Република Македонија. Таа шанса, дали сакаме или не, ако ја гледаме во Електростопанство на Македонија, можеби треба нешто да се спаси во овој момент, бидејќи досега толку големи гиганти продадовме а ние тоа не го искористивме за нови технологии и нови производи, за што ќе зборувам подоцна. Не треба да забораваме, колеги пратеници, колеги министри во Владата на Република Македонија, тоа не е со потценување, со негирање, но основните двигатели на економскиот амбиент во Република Македонија ни се фирми со над 51% државен капитал. Како што се менуваат владите во наредниот период се помал фронт на креативност и способност на балансирани со сопствената македонска економија, ќе биде помала.

Јас не велам дека не треба странски капитал. Напротив странски капитал ни е потребен, но не по секоја цена. Немојте да заборавите, јас во една дискусија реков, огромен капитал се одлева од нашата држава по однос што го немаме мнозинскиот пакет на акции, на пример во ТЕЛЕКОМ. Зошто не се замислиме за тие 49% што се на Владата на Република Македонија. Ставивме алчни членови од ова македонско поднебје во управните одбори да му се удвараат на странскиот инвеститор. Па извинете господа министри дали некогаш сте се запрашале чии ставови застапуваат, пренесуваат, дали се заинтересирани за себе за 1000, 2000 или 3000 евра кои ги земаат, или со 49% акции дали оваа држава ќе добие 50 милиони евра, или пак во развој, со разни одлуки, со разни шпекулации, што мислам дека сеуште; сме ние многу помали во однос на капиталот, овде велиме каде се парите, се распраѓа производството. Пред самите очи ни се одлева македонскиот капитал, почитувани министри во Владата на Република Македонија. И тоа што сега јас го зборувам знам дека не ме слушате и не мислите на тоа, но сакам да останам доследен на институцијата пратеник и да ви кажам добронамерно.

Должен сум од ова место да кажам, ние со сите системски мерки кои ги донесуваме, секогаш тоа не содејствува со потребите, севкупниот економски амбиент каде што се наоѓаат и оние кои тоа го чувствуваат на својот грб.

Веднаш ќе ви кажам, само по еден основ во аграрот, и затоа ќе барам амандманско изјаснување, во земјоделието, оптоварен по основ на даноци, на финансиски трансакции, годишно Македонија само со производство и преработка на суровиот тутун, производство на пијалоци, производство на прехранбени производи во земјоделието губиме 10 милиони евра, заправо губат овие производители. Тоа се 20 милиони германски марки. Замислете, сме ги оптовариле во аграрот, само во овие сфери, а сега минситерот за земјоделие господинот Ѓорчев ќе ми вели - биди земјоделец. Како можеш да бидеш земјоделец. Еден килограм тутун господа пратеници, господа министри во Владата на Република Македонија, господине Дуљанов, господине Груевски во 1996 година беше 120 денари. Товарот тогаш беше 36 или 38 денари. литар барел беше 18 денари. Денес, биди земјоделец со еден килограм тутун 125 денари, нафта-литар 40 денари, доларот 65 денари, затоа што го извезуваме. Господа министри, повлечете ја кампањата, слоганот - биди земјоделец. Кога ќе обезбедите пласман на земјоделското производство, кога ќе му обезбедите многу подобар живот, тогаш велите бидете земјоделец. Детето уште не тргнало во училиште, сте го насликале, држи земја, биди земјоделец, а нашето земјоделство се распаѓа. Направете анализа да видите колку расход има по единица производ тутун, бостан, пиперки, компир и тн., ќе видите дека има повеќе расходи од приходи.

Господо, јас од мојот покоен татко наследив 20 декари земја, односно 20 ха. земја. На министерот за земјоделите

господнот Ѓорчев му ја поклонувам, нека сее било која култура што се наводнува, па да види дали приходот ќе биде поголем од расходот. Во овој момент. Дали може сега со 3 денари килограм бостан на кванташки пазар земјоделецот да произведе комерцијален производ. Дали може со три денари килограм компир што се продава на кванташки пазар да биде комерцијален. Еве да пресметаме, еден џип на министерот за финансии вреди 70 до 80 кгр тутун. Јас не велам дека треба тој да се вози во фичо. Соодносот ако се направи треба да тежи 20.000. Еден џип што се вози во Министерството за финансии, што се возите вие и што ќе се возат наредните вреди три милиони компир. Замислете за тој производ колкав труд и колкав број луѓе се потребни да го произведат, понатаму 150 илјади кгр. патлиџани на кванташки пазар.

Ве молам, јас не ја потценувам професијата, односно занимањето земјоделец. Целосно го респектирам бидејќи од земјата сите сме израснале.

Меѓутоа дајте на оваа категорија граѓани да им помогнеме економски, дајте затоа што нашето производство, дали е конкурентно или не треба да го насочуваме па дури тогаш да велиме биди богат граѓанин, занимавај се со професијата земјоделец. Дајте да имаме еден, не политички, туку еден натпревар со знаење, со аргументи, пред овој парламентарен дом и вие господа од извршната власт, да си помогнеме. Се друго е залудно.

Вие господине замениче потекнувате од еден регион, Дојран, Струмица, Валандово, Гевгелија, Радовиш, Кавадарци, Прилеп. Тие луѓе се таму земјоделци. Кажете кој земјоделец денес може да си ги образува своите деца во сопствената држава, да го направи она што било пред 20 години. Не го фалам претходниот систем, тоа е минато, ние треба да одиме кон подобри системи. Но, денес категоријата земјоделец е најобесправена. Денес седум дена стојат на границите камионите а ние овде се расправаме, надмудруваме а тие што тоа треба да го решаваат не го решаваат.

Кога зборуваме за ребаланс на Буџетот, болно одекнува прашањето, по едни параметри 300 илјади, по други параметри 340 илјади, по трети 350 невработени. Ние денес можеме да се пофалиме, повеќе години наназад, а посебно во последните четири години, на планот на вработувањето направивме само тогаш кога луѓето треба да се поделат партиски и да се вработат непродуктивно во јавните претпријатија. Јас верувам дека во Електростопанство на Македонија, претпоставка, вработени се над 500 луѓе. Се поставува прашањето дали требаше да имаме 500 нови вработуваа во еден таков систем кој постојано бил на границата на рентабилитетот а и многу значаен за Република Маекдонија. И моментално и перспективно. Зошто си дозволивме да си играме со такви гиганти да биде тоа под една партиска пресија. Мислам, ниту партијата на власт ВМРО-ДПМЕН и ДПА, ниту одговорните субјекти во јавното претпријатие Електростопанство на Македонија ниту пак самите вработени со тоа се усреќија. Знаеме каква е состојбата во системот, знаеме, кога зборувавме за увоз дека е многу поголем, 60% а извоз од 40%, во кој увоз после нафтата и маслата доаѓа електричната енергија. На тоа прашање сакале или не сакале не смееме да заборавиме. Ние електричната енергија на пола цена ја даваме на нашите странски партнери, а увезуваме електрична енергија. Тоа во светот никаде го нема. Кажете ми една држава каде увезува некој, производ, суровина, конкретно електрична енергија по 1,8 центи а да увезува исти производ по 3,5. Тоа господо никаде го нема а во овој момент тоа го прави Владата на Република Македонија или поединци, затоа што живееме од тоа илјада луѓе. Ако ја направите разликата во цената при увозот на електричната енергија и извозот на истата, ќе видите дека подобро тие вработени оваа држава може да ги издржува самостојно без тој странски капитал. Немојте да заборавате еднаш тоа прашање го покренав, тука е колегата Владо Сугарески нека ме дополни. Ние имаме резерви на јаглен околу 10 години. Па 10 години знаете колку е, од 1992 година, а некои од вас колеги пратеници во 1990 година во првиот повеќепартиски систем, седеше овде. Само што се завртевме лево-десно, илјада комбинации настанаа, поминаа тие години. После 10 години под овие техничко-економски услови на стопанисување, зборувам под овие, ако електричната енергија, нејзината цена отиде многу погоре може да се зголеми векот. Македонија ќе биде под целосен мрак и економски и политички зависна од соседите или од друга земја.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Дури тогаш нема да има ни Рамковен договор, нема да има амнестија, нема да има приватизација, нема да има

продажба и распродажба. Тоа прашање, дали Владата на Република Македонија ја сочинува ВМРО-ДПМНЕ, втора или трета партија, тоа е патриотското чувство, тоа е одговорноста на нас пратениците и на вас како влада да кажете, ние не можеме секој киловат час, мегават час електрична енергија треба рационално да се користи. Сега не сакам конкретно да зборувам, за тоа можеме да зборуваме со аргументи, но тоа се реформски чекори. За тоа постои структурното тело кое го има во Владата на Република Македонија. Но, јас мислам дека капацитетот на одделни министри, а и на господинот Бесник Фетаи ќе му кажам како министер за економија, каде припаѓа системот за електростопанство, треба да реагира, ако ја сака оваа земја и ако сака да живее во оваа земја во целина, ако нема друга варијатна и друга алтернатива. Тоа е основната задача на министерот за економија да реагира. Ве молам, а зборуваме за длабоки реформи, зборуваме за унапредување на стандардот, се светла иднина дека во Македонија мед и млеко ќе тече. Ние ќе бидеме за 10 години во мрак, тоа да ни биде јасно. Кој сака да извезува, дали ќе биде во црна или обоена металургија, мора да мериме што е социјален фактор. Ако се во прашање 500, 600 или 1.000 луѓе, за 1.000 луѓе ќе најдеме егзистенција, ќе проддеме дел од нивниот имот и ќе направиме нова фабрика и ново производство.

Затоа, почитувани колеги пратеници, пред се Влада на Република Македонија, можеби ќе ја сфатите пораката која ја даваме ние како пратеници и јас како член на СДСМ, би сакал да не биде доцна, но никогаш не е доцна за она што не чека. Затоа, последните месеци искористете ги да покажете пример како треба одговорност, обврзно, стручно и визионерски да се работи на работните места и функции кои ги имате, затоа што да се учествува во извршната власт на било која држава а посебно на оваа наша скромна, мала и млада држава и е потребно знаење, ум и тоа знаење да го насочите за доброто на сите.

Никогаш не треба да се заборават тие 340 илјади невработени. Крајот од кој потекнувам, односно Источниот дел на Македонија има голема невработеност. Ме зачудува меѓународниот фактор, веројатно Владата на Република Македонија и ресорните министерства не се избориле и имаат друг однос. Не мислам да ја делам Македонија и да ја регионализирам, но кога е во прашање да се помогне на некоја месна заедница во Радовиш, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Штип, Пробиштип, незнам и дали отишле. А бидејќи на тие меѓународни организации им е полесно да помагаат во Западниот дел на Македонија, затоа што од Скопје патуваат до Охрид па контактираат или повеќе лобираат партиите кои се повеќе присутни во извршната власт во тој дел, мислам дека треба да се запрашате за Источниот дел на Македонија. Несакам Македонија да се дели на Источна и Западна Македонија, тоа ми е најтешко да го кажам, но ние како Собрание и Владата на Република Македонија треба да размислиме и во инфраструктурата и во образованието да направиме нешто. Кажете ми кој нов економски капацитет пораснал во Источниот дел на Македонија. Капацитет кој што има некои нови технологии на производство. Јас сум среќен што тоа го има во Западниот дел, но да создадеме еден амбиент и во другиот дел на Македонија како пратеници и како Влада. Кога зборуваме за вработувањето, не мислам на вработување по секоја цена. За новите вработувања треба да создадеме амбиент со нови технологии. Кои се тие нови технологии? Тоа се технологии кои не се преклопуваат во Република Македонија и кои едни со други нема да имаат конкуренција, иако кој е конкурентен ќе произведува, а кој не е нема да произведува, кој ќе биде конкурентен на домашен пазар и во исто време да направи супституција на увозот, а со тоа трговскиот дефицит да се намали по основ на помал увоз, со тоа што ќе можеме да пласираме производи на странскиот пазар. Знаеме кои производи одат во Германија, но ако сега тоа се прави со 25%, 15%, нека биде пак и 25%. Кога ќе треба да се воспостават подобри односи, тие да се воспостават преку економијата затоа што нашиот народ е вреден и трудољубив, само треба да се насочи, мал број луѓе да ги насочат да работат, затоа што со 500, 250 евра просечна плата нашиот непосреден работник ќе биде задоволен. Секој наш работник кој работи во странство е фален како добар работник, кој заработува по 2000-3000 марки, кај нас да не биде пет пати помалку. Зошто тоа го правиме? Сега ве прашувам кој ја имал листата на увезени производи од ресорното министерство за економија. Кога имало некој симпозиум на кој ќе дискутираме за некој производ, а

има производи од еден милион до 10 милиони евра кои се увезуваат. Со една мала инвестиција, луѓето сакаат да инвестираат со хипотеки, само да се создаде амбиент и може таа инвестиција да се направи. Реков техничко-технолошки да се унапредат фабриките, бидејќи имаме огромен застој, со мали инвестиции, со кредити. Какви кредити сакаме? Со дупла хипотека од страна на инвеститорот, а Владата на Република Македонија, односно институциите на државата тоа да го овозможат. Кредит со грејс период од година-две, со враќање за 10 години, или пет години зависно од дејноста, одредени фабрики ќе се исплатат за две години, а можеби и помалку. Со камати - во една прилика рече господинот Георгиевски, премиерот на Владата на Република Македонија, во воведно излагање кога се донесуваше Буџетот за 2000 или 2001 година, ќе се користат камати од 10%. Кажете која фабрика користи камата под 10%, освен ако не е строго партиска, може и бесплатно. Кога таков амбиент ќе направиме, ќе имаме поголем нето девизен прилив, кога ќе се преработуваат сопствени суровини во тие фабрики, со повисок степен на финализација, кога нема да влијае на загадување на животната средина, туку напротив, ќе се оди кон унапредување на животната средина, критериумите за инвестиции и за развој на Република Македонија, вие како Влада на Република Македонија без да се оптоварувате која партија е во прашање, тоа може да се направи. Хипотеки има колку сакате, имот, тоа не е новина што треба нас да не оптоварува. Со еден збор, на сите треба да ни биде јасно, кој сака да седи во овој пратенички дом, кој сака да ја води извршната власт, производството опаѓа, техничко технолошкиот развој изостанува, извозот опаѓа, увозот расте. Нема инвестиции, нема вработувања. Има недомаќинско трошење во сите сфери на живеење и на крајот не даваме, господо од Владата на Република Македонија никакви излезни решенија од оваа состојба.

Затоа, јас како пратеник во овој законодавен дом барам од вас пред усвојувањето на ребалансот, доколку ми одговорите на овие мои принципиелни укажувања и предлози што ги давам и доколку дадете излезни решенија, не јас да бидам задоволен како пратеник и како партија, туку излезни решенија во интерес на граѓаните на РМ, дури тогаш ќе го подржам ребалансот на буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани граѓани, бидејќи многу малку гледам овде пратеници, веројатно го гледаат натпреварот, иако ние баравме како пратеници да го следиме овој натпревар, да продолжиме подоцна со седницата, не ни беше дозволено. Веројатно имајќи за цел сосема друго, претседателот набрзина да помине многу значаен овој ребаланс на буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви објаснам. Пратеничката група на СДСМ бара да прекинеме во 17,30 часот денес заради обврски во Централниот одбор и затоа не е можно да не работиме и заради натпревар и заради Централниот одбор.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ние пак можевме да работиме до 17,30 па да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не се мешајте во мојата работа. Продолжете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Добро, ќе продолжам. На многу привилегии до сега сум рекол не и на оваа привилегија ќе речам не. Деновиве добивме одлука која ја знаете сите вие, за која одлучи Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Јас не сакам никој да одлучува за мене да добивам нечесни пари, бидејќи јас имам плата, за која ја работам пратеничката функција. А овие 100,00 денари кои треба да ги добијам за секој закон и 50,00 денари кои треба да ги добијам за секој амандман, а само нашата пратеничка група за овој ребаланс има дадено 20 амандмани, по 50,00 денари, тоа се 1.000 денари. Ние се откажуваме од овие пари, сите пратеници од ВМРО-Македонска се откажуваат и сакаме да ги насочиме овие пари за сите оние граѓани кои се испокрадени во минатото, како што е "Македонија реклам" и граѓаните да ги добијат овио средства. Нагласувам дека вакви пари на нас како пратеници не ни се потребни. Уште кога дојдовме каско пратеници, не знаевме дека ќе имаме паушал од 10.000 денари. И покрај тоа, ние прифативме да бидеме пратеници, што значи функцијата не дојдовме да ја вршиме за пари, туку дојдовмо чесно и совесно да

им служиме на граѓаните на Република Македонија. Ова беше еден мал вовед.

Да ве потсетам само, кога се усвојуваше буџетот на Република Македонија во 2000 година, како партија ВМРО-Македонска имавме поднесено 137 амандмани, меѓу кои посебно јас имав дискусија и зборував за образованието, за ниските лични доходи на образованието и воопшто на државната администрација. Знаете тогаш што ми беше одговорено од министерот Груовски? Доколку *се* прифати таков амандман, тогаш ќе се загрози макроекономската стабилност на државата. Штета што не е тука сега и да ми одговори дали сега не се загрозува, или сака буџетот тотално да го уништи и оние кои *ќе* дојдат на власт да немаат ништо, ништо да не остават, сметајќи ја оваа како туѓа држава да е.

Непостои држава во светот која толку многу го оптоварува своето стопанство со давачки како што е македонската држава. Поради големите давачки македонските производи се неконкурентни на меѓународните пазари, а тоа значи дока нешто мора под итно да се преземе. Ова го зборуваме четири години и ветувавме дека ќе направиме се македонските производи да бидат достапни на Меѓународните пазари и да бидат поефтини. За жал ништо до сога не направивме. Оваа Влада ја доведе Република Македонија во длабока економска, социјална и политичка криза. Последиците од ваквата криза се: блокирање на демократските процеси, заостанување во економскиот развој, распродавање на националното богатство, разградување на македонската држава и нејзината самобитност.

Ребалансот на буџетот се предлага да се донесе по кратко и неуспешно функционирање на буџетот. Буџетот кој е донесен 2002 година, а сега се предлага негова промена само за пет и пол месеце од неговото функционирање, тоа ни повеќе ни помалку туку *ќе* ја чини Македонија 48,5 милиони евра. За жал, Република Македонија мака мачи и се поклонува секаде каде ќе стаса и на секој белосветски добродојденец во Република Македонија ќе му ги целуваме рацете за да ни даде 10-тина милиони марки или евра. А сега многу лесно за шест месеци се откажуваме од околу 100 милиони германски марки, или би се послужил со примерот на господинот Тупурковски кој постојано го критикуваме, 1/10 од она што тој го предвидуваше. Значи, оваа Влада само за шест месеци толку не можеше да предвиди.

Сето ова зборува дека имаме крајно неспособна и неодговорна Влада. Оваа Влада не можеше да предвиди буџет само за една година, а камоли да води држава, бидејќи државата и беше доверена да ја води четири години, а не можеше да предвиди буџет кој трае само година дена. Тоа е видливо со овој ребаланс. Буџетот, овој ребаланс во голема мера ќе придонесе приходите и расходите да се изменат. А што значи тоа? Овој ребаланс се носи од незнаење да се планира едногодишен буџет, ништо друго, туку си земам за право да констатирам дека министерот и неговите советници немале способност да предвидат како ќе се одвива буџетот во Република Македонија. Од тие причини бараат сега со ребалансот да се пополнат празнините или други намери кои ќе ги кажам во текот на моето излагање. Или свесно да се оствари саканата цел, а тоа е разнебитување на македонската држава преку економско опустошување на државата. И едната и другата причина водат кон иста цел, разградување и распарчување на Македонија преку корупција и грабеж, која е присутна на секој чекор.

Само колку да ве потсетам господа разнебитувачи. Македонија ги има сите потребни услови за просперитетна држава и тоа доволно средства, ако наменски се употребат Република Македонија има доволно средства. Само за овие четири години оваа Влада, ни повеќе ни помалку има злоупотребено најмалку 700 - 800 милиони марки, а тие средства беа доволни голем број фабрики да рестартираме, голем број на технологии да увеземе и во голема мера да ја решиме безработицата. Имаме голем број стручни и научни кадри од сите области, што е доволен услов да се вклопиме во современата технологија и да дадеме придонес на меѓународното стопанство. Поднебјето наше се одликува со разновидни природни богатства, но за жал од тие богатства многу лесно се откажуваме. Го продадовме рудникот во Прилеп, мермерниот комбинат, сега сакаме да го продадеме најбогатиот рудник за олово во Европа, ја продадовме златната рипка која исполнуваше желби на секој Македонец, "Телеком", кој се исплати само за година и пол и затоа имаме најскапи мобилни телефони на земјината топка. Исто така, во Македонија има голем број на капацитети кои се

затворени. За жал, често пати го критикуваме и јас го критикувам едноумието, но во тоа едноумие имаше капацитети. Тие капацитети треба што побрзо да заживеат, а не да ги држиме под клуч. Ако сето ова се земе предвид, ќе имаме дека ние имаме доволно и ресурси и средства и капитал и знаење и пари, за да отвориме нови работни места и да ја вработиме младината. Ваквите услови даваат можности да нема безработица, а вие преку вашиот криминал и корупција создадовте околу 400 илјади невработени.

Предлог, како сето ова може да се реши?

(Дофрлување со зборовите "ајде за фудбалот")

Господо, за фудбалот има каде да дискутирам. Кога ќе си оди Ламбе Арнаудов, кога ќе дојдеме ние, тогаш ќе дискутираме за фудбалот.

Сега дозволете ми да кажам нешто за стопанството. Се потрудив нешто да кажам, добро би било и вие да се потрудите да кажете. Како треба да ги решиме проблемите во државата?

Како прво, растоварување на капацитетите кои можат да работат по пазарни услови. Значи, сите оние капацитети треба да се рестартираат кои можат да работат во пазарни услови, а верувам дека такви имаме. Стимулирање на производството и на капацитетите кои работат за извоз, мораме нив во посебни и во поповолни услови да ги поставиме во однос на сите оние други кои не се извозници. Потоа инвестирање во производство на здрава храна. Целиот свет убаво плаќа за здравата храна. За жал, ние воопшто не вложуваме, дури ја уништуваме здравата храна. Сведоци бевме деновиве кога нашите камионџии на нашата граница чекаа со денови, каде пиперките и доматите им скапуваа. Господа, сетоа тоа беа девизи, а не беа само домати, и тоа на трудот на земјоделецот. Потоа, ослободување од даноци и придонеси на претпријатијата кои извезуваат во странство, како и давање на други стимулативни средства. Сето тоа треба да го земеме предвид, доколку сакаме да заживее стопанството и да ја решиме безработицата во Република Македонија.

Наведените предлози даваат можност да се излезе од овој магичен круг на сиромаштија. Во спротивно, ако не се спротивставиме и ако не преземеме нешто, од овој круг нема излегување. Само ќе се влошува овој магичен круг и понатаму овој народ ќе осиромашува.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (продолжение)

Можам да констатирам дека оваа Влада не е способна да ја води државата во подобра иднина. Оваа моја констатација можам да ја потрдам со одењето на Меѓународниот монетарен фонд од Македонија без да се потпише долго очекуваниот договор. Со тоа се дава на знаење дека со криминализирана Влада нема потпишување на договор, туку потпишувањето ќе се изврши со новата Влада која ќе дојде токму со новите избори во септември. Истата нема теоретски шанси. Монетарците си заминаа не само што не сакаа да и помогнат на Македонија, туку затоа што видоа со кого имаат работа. Тоа се две различни работи. Ние можеме, колку сакаме, да ги обвинуваме ММФ, но мора да признаеме дека оваа Влада е добро прочитана од меѓународните институции, не само тие, туку народот уште подобро ве прочита и тоа господа ќе ви врати сега на изборите.

Сепак најбитно е тоа што оваа Влада не може да се помири со поразот, дека другата Влада што треба да дојде треба да остави нешто во Буџетот, па затоа дај удри што може повеќе да го испразниме овој буџет. Ако сметате дека ВМРО-Македонска ќе победи ви благодарам и да знаеме дека нема да бидеме исти. Бидете сигурни, ве убедувам, и тврдам за тоа, и стојам зад тоа, не сто дена како вас, оној момент кога вие ќе решите јас ќе си дадам оставка.

Поради тоа оваа Влада како главно мото во предизборието ќе го користи слоганот, добро запамтете го "грабајте сопартијци, се' е во ваши раце". Жалосно, но тоа е вистинито и видливо на секој ќош.

Ваквото размислување на владеачките структури само потврдува дека Македонија ја сметаат за туѓа држава која служи, се извинувам на малку повулгарниот збор "како крава молзара". Не господа ова е татковина и треба да ја гледате како вашите очи и треба да давате, а не да земате од нејзе. Само така можете да бидете лојални и како граѓани и како партија.

Одењето на ММФ од Македонија во голема мера ќе се почувствува во Македонија и тоа мора да нагласиме каде. Странските кредити кои како помош за македонското стопанство и држава

нема да дојдат и нема од каде приходи, единствен вентил беа токму овие меѓународни кредити. Расходите постојано се зголемуваа, а за време на изборите тие ќе достигнат до невидени големи и ненадоместливи вредности кои тешко ќе можат да се отстранат или надокнадат.

Стопанството кое ни е во агонија ќе западне во крајно безизлезна положба. Господа, затоа ве советувам граѓаните и понатаму ќе се бркаат од работа и нема да примаат плата затоа што ќе немаме што да трошиме, ќе немаме плата, а ако немаме плата ќе нема што да купуваме и на тој начин и оние производи кои се изнесени на пазарот и тие не ќе можеме да ги купиме.

За да се преживее некако ќе се дораспродаде и она што малку ни преостана, а младите по секоја цена ќе гледаат да ја напуштат државата. Само колку да ве потсетам, имавте можност да прочитате деновиве односно минатата година 5.600 млади и способни стручни кадри бараа политички азил во западните земји. Зарем во нив толку многу инвестиравме и стручност и научност, а жалосно, треба да се замислите господа. Сето тоа има за цел да го поткупи народот, мислам бркањето на ММФ кој ќе западне во безизлезна положба и на тој начин сиромавиот народ е склон да верува на секого и лесно е подмитлив, а вие со парите на народот ќе се служите со најразлични нечесни интриги за да можете да го поткупувате и заплашувате. Верувам дека големи пари имате предвидено токму за изборите. Наместо тие пари сега да ги инвестирате во стопанството и во безработицата.

Дали има решение оваа безизлезна положба? Има. Само ако се сака. Сакањето се состои во откажување од недомаќинско трошење на парите. Еднаш треба да се стави крај на недомаќинското трошење, а знаете како ќе се стави крај? Само ако заживее правната држава, а вие не донесовте правна држава и затоа работите недомаќински. Значи, не ја оправдавте целта за овие 4 години. Имавте можност и затоа народот ќе ве казни.

Луксузни возила, мебел, треба да се намалат на минимум и по можност да не се купуваат. Прашајте секој граѓанин или тргнете од вас мебелот нема да го менувате се додека не си обезбедите минимална егзистенција да преживеете. Ако дојдат подобри денови ќе го менувате. Има граѓани и фамилии кои 50-тина години немаат сменето мебел затоа што не биле во можност.

Да бидам уште посликовит градите сали. Господа, ако е за сали јас сум првиот, тоа ми е струка, ветивме дека ќе градиме сали, но салите требаше да ги градите во првата и втората година кога дојдовте, а не сега да се додворувате на граѓаните. Да знаете дека нема потреба од сали, ова е гладен народ, овој гладен народ има потреба од парче леб, корка леб и буковска пипер, а не сали. Во салите можат да спортуваат само оние со полни стомаци, бидејќи во салата се троши енергија.

Исто така немам ништо против Црквите, ако нешто изградивте само неколку цркви, еден ден имав можност да видам во Делчево што се гради, просто сум запрепастен, зарем е можно тоа?

Господа, требаше да градите хали каде ќе вработувате млади, а не да ни ја напуштаат државата и да бегаат.

За овој луксуз издвојувате 8 милијарди денари. Тоа е голема бројка. Со овие пари требаше да градите хали, а не да ги давате во неповрат. Да се откажете од купување на гласови сега на изборите. Исто така барам и ве замолувам ако имате барем малку македонско чувство средствата да ги намените за подигнување на стандардот барем во овие летни периоди кога може да преживее со две пиперки и еден патлиџан и парче леб, барем сега можеме да му помогнеме и кога скапата струја можат да си платат некако. Инаку, во зимските денови, добро што ќе ве нема и тогаш можеби полесно ќе биде некако да се преживее.

Воениот данок незнам зошто се уште постои. Војната господа заврши, потпишавте Рамковни договори и амнестии и се и сешто потпишавте, но и понатаму воен данок. До кога? До кога ќе го пљачкате и ограбувате овој чесен македонски народ? По се изгледа дека ова буре без газер не може да се наполни. Единствен можен начин да се наполни е само кога ќе си одите. Ако резултатот на сето ова што го наведов ќе дојде или сакате да дојде до нарушување на макроекономската политика, можеби таа ви е целта, еве сега ќе трошиме, се и сешто ќе градиме, ќе даваме, само да се наруши макроекономската политика и да оставиме празен буџет на оние што ќе дојдат после нас. Не заборавајте со тоа ќе создадете лоши услови во државата и ќе придонесете многу лесно да се распаднат многу системи во државата. Затоа треба да поведете сметка не е целта

само за себе, вие да проживееете, туку треба да преживее Македонија.

Доколку сакаме да ја задржиме инфлацијата на разумни граници, ќе мораме да се откажеме од непотребните расходи, а токму со овој ребаланс го имаме ова. Непотребно барање на уште 100 милиони ДМ. Што е многу многу е. По се изгледа македонската Влада е единствената Влада во светот која работи против државните интереси. Ова се потврдува со секоја нејзина постапка затоа што дозволува својот народ да дозволи да го краде секој каде што ќе стигне. За пример ќе ги земам министрите, тие не водат државна политика, туку водат своја политика лична или партиска. Така е господа, го знаеме министерот за економија кога даваше тони шеќер на еден вработен. Нема никаква логика. Најмакедонската и најдомаќинската партија да си го краде својот народ, тоа значи дека се работи за најмакедонска, тоа значи дека не се работи за најмакедонска, туку за најнемакедонска партија, бидејќи ако е македонска нема да дозволи да си ја краде државата, туку ќе се откаже и сега јавно сакам од вас сите овие барања, господине Краљевски вас ве гледам кои баравте да не ви се излижат прстите од притискањето на копчето, да се откажете, бидејќи ние се откажавме, имаме доблест и чувство и сакаме да соживуваме со граѓаните на Македонија, а не да ги крадеме и понатаму.

Прашувам, дали за овие 4 години имавме реформи? Одговорот е не. А знаете ли зошто не? Затоа што ако имавме реформи ќе имавме и зголемување на платите. Колку што знам 10 години ја имам истата плата, а реформите овозможуваат подобри услови и поголеми плати. Значи, вие господа не вршевте никакви реформи, напротив и покрај тоа што големи пари дојдоа и кредити и од продажбата на државниот имот во државата, од тие пари ништо не видовме, можеби некои се офајдија, но верувајте ние ништо не видовме, граѓаните на Македонија.

Постојат институции кои се товар на државата, а истите тие можат да се растоварат. Со други зборови се што е комерцијално треба да се одвои од државата, но тоа го овозможуваат реформите. Такви реформи не направивте. Вие напротив не бирате можни начини да вработувате во државната администрација што повеќе токму на товар на оваа држава и што повеќе да има расходи, што попразна да ја оставите касата само за да добиете што повеќе гласови. Мислите дека тие граѓани ќе гласаат за вас? Не господа.

Ако ја анализираме ставката на стоки и услуги ќе констатираме дека токму тука се кријат големите резерви на средства кои се потенцијални извори за мито, корупција и грабеж.

За време на воената криза со право расходите беа зголемени. Напоменувам, за врдме на воената криза со право беа зголемени, но не можам да не ве потсетам на тие 14 милиони ДМ кои ги украде токму вашиот министер за одбрана кога и беше најтешко на Македонија, а такви кои знае уште колку ги има украдени и проневерени. За 14 милиони знаеме колку многу пари се. За жал, не знаеме што се случува со него, дали е покрената постапка или дали се води постапка затоа што прозбори дека ќе каже уште многу други такви малверзации. Постапката беше прекината.

Истите овие давачки сега изнесуваат 13 милијарди денари или околу 250 милиони ДМ. Што е многу многу е. Само за споредба истата оваа ставка во 2000 година изнесуваше 6.246.000.000 денари, а сега е дуплирана. Прашувам зошто сега се дуплира. Зарем толку расходите пораснале. Се извинувам г. Караџовски зошто, а не зашто. Можам јавно да му се извинам на македонскиот народ дека употребив еден збор србизам, но ретко употребувам. Јас им се извинувам, а и вие да му се извините што го крадете македонскиот народ, со твоето гласање што го крадеш.

Многу средства до сега беа потрошени, а и сега се предвидуваат со овој ребаланс за т.н. капитални трошоци да се одлеат за купување на градежни објекти, за мебел, за возила, за разни проекти ѓоамити ќе заживеат тие проекти. За локални патишта и чешми кои треба да ги отворате во изборната кампања.

Со други зборови, за овие 6 милијарди денари можат со домаќинско работење да се намалат за најмалку 50%, доколку преземете нешто со ребалансот, бидејќи верувам дека ќе го изгласате, мнозинство сте. Ако така се постапи и јас ќе го дадам својот глас за овој ребаланс 50% да ги одвоите наменски. Токму оваа Влада за последните 3 години за патни, дневни, материјални и разни други услуги потроши над предвидените средства 23.588.000.000 денари, изразени во ДМ

780 милиони ДМ, би рекол милијардата на г. Циле. Вие ја потрошивте не наменски само за 4 години.

Само колку да ве потсетам г. пратеници кога се усвојуваше Буџетот во 2000-та годин имавме поднесено 130 амандмани, а вие тогаш не сакавте ни еден да прифатите. Ако тогаш ги прифатевте сега ќе немавме никакви проблеми со овој ребаланс, што токму ова вие го правите сега. Зошто не сакате да слушате или сметате дека сме мала партија, не е битно од кого ќа произлеза амандманот, туку дали има или нема тежина. Затоа сега предлагаме нови 20 амандмани и бараме поддршка од вас.

Како држава не ни се потребни кредити, туку ни е потребно чесно и домаќинско работење. Ќе тргнам од зборовите и големата електронска кампања која се води низ Македонија "биди земјоделец".

Знаете што ми *се* случи утринава кога одев преку старата железничка станица еден од земјоделците плачејќи почна да ме влаче, велам што е, плаче човекот, дојде полиција да ме брка и да ме тепа, зошто, затоа што продавам овде не било дозволено, а човекот ми го покажа полн камион со патлиџани.

Господа, кажете каде овој ваш земјоделец ќе ги продава производите. Дали се потрудивте вие да им ги откупите патлиџаните. Дали им гарантирате цена на тие патлиџани? Каде да ги носат? Преку граница не можат да ги носат, скапуваат, во Македонија не можат, скапуваат, не им дозволуваат, па кажете каде. Знаете што рече човекот. Ако му е за мито нека каже ќе му дадам само нека ме остави да работам. Вака ли сакаме да го подигнеме нивото на земјоделецот?

Не господа. Не постои можност на овој начин да се подигне нивото на земјоделецот. Поголема навреда сметам дека не може да постои за земјоделецот "биди земјоделец", тоа значи биди аргат или биди роб. Јас можам така да го протолкувам. Го тепате, а не му давате да плаче. Ако навистина може да заработува ќе видев некој од тие земјоделци вила ќе изградеше, како што вие градите за 3 месеци вили и какви не објекти, хотели, фабрики, и тн. Тие јадните не можат сопче да си обезбедат за да преживеат и да се прехранат, а од друга страна во името на земјоделецот "биди земјоделец".

На овој начин е навреда за земјоделецот, злоупотреба на неговата безнадежност и безперспективност и го доведовте до апатија да размислува дали до година да сади, бидејќи имавме можност деновиве да прочитеме уште минатогодишното вино не им е исплатено, мислам дека тоа беше Свети Николе, деновиве го слушнав на Канал 77.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (Продолжение)

Да, точно е, се јавуваат граѓаните што имаат мака. Минатогодишното вино сеуште не им е исплатено. Како тие оваа година ќе садат и ке одгледуваат зеленчук и ќе садат нови насади на лозја, кога ова од минатата година уште не им е исплатено. А, како оваа година ќе го изнесат и на кои пазари ќе го изнесат и дали да им се дадат на истите купци лугето се во голема заблуда и навистина не знаат што ги чека следниот ден, кој иде, утрото не знаат што ги чека. Лесно ќе ги соберат производите, лесно ќе ги одгледаат но за жал нема каде да ги пласираат. До кога македонскиот земјиоделец ќе се уништува, ве прашувам вас овде гласноговорници кога ќе излезете овде да кажете, вие треба да кажете.

Во Македонија постојат идеални услови и голема традиција за земјоделство ако е така, а така е, крајно е време да заживее. До кога ќе ветуваме, крајно е време, крајно е време. Еднаш тоа време треба да почне. А, видовме, со вас никако не почна. Затоа, одете си што побргу белки ќе почне без вас.

Оваа Влада свесно го уништува земјоделството. Зошто ова го велам свесно го уништува земјоделството? Дека е тоа така ќе потврдам и со аргументи. Еве зошто. На 20 дена од распуштање на Собранието или два ипол месеци од распуштање на оваа Влада, што едвај чека овој народ, се формира буџет во Фондот за земјоделство, кој треба да поддржи 11 милиони германски марки. Замислете си, сега ви текна да формирате фонд за да потрошите 11 милиони германски марки. Каде бевте, овие 11 милиони германски марки да ги дадевте на земјоделецот во овке изминати три ипол години, а сега сакате да го купувате. Тоа е повеќе од очигледно. Која е целта на формирањето на буџетот на овој фонд. Каде ќе се трошат средствата од фондот мораме да знаеме. Колку да ве запознаам господо земјоделци, оваа ненародна влада предвидува да вработи околу 134 граѓани. Токму во овој фонд. Само, тие нема да бидат земјоделци, .а знаете кои ќе бидат. Тие ќе бидат партиски

војници, кои се далеку од земјоделството а многу блиску до парите од Буџетот, не до фудбалот. Кога ќе зборуваме за фудбалот има време ќе зборуваме, а сега зборуваме за земјоделецот.

Се обраќам на земјоделецот. Господине земјоделец, и понатаму биди земјоделец. Наведениот фонд предвидува 11 милиони германски марки, трактори и многу вештачко ѓубре. Господо земјоделци, вие кои имате црвени книшки ќе добиете, земете ги, она што го кажуваше премиерот пред да дојде на власт. Земете го и ѓубрето што ќе ви го даде, земете ги и парите и тракторите што ќе ви се дадат- Но немојте само да гласате. Тоа е пораката од мене. Земете се што ќе ви се даде бидејќи тие се ваши од вашата пот.

Поради лошата земјоделска политика на оваа влада, земјоделството е во длабока криза, што се гледа преку намалување на производството. ВМРО-Македонска смета дека Република Македонија има одлични предуслови за богато и родно земјоделство. Затоа што, има сонце, вода и чист воздух. Развојот на земјоделството ќе се изврши преку подобрување на квалитетот на земјоделските производи и нивни задолжителен откуп. Не заборавете. Ќе кажам и еден пример, кога веќе зборувам за откупот. Бидејќи, имам роднини во Егејскиот дел на Македонија, државата им гарантира однапред се што ќе произведат, се што ке соберат од планините да им го откупи и цената се знае однапред. Државата е должна да го откупи. А, што вие направивте, господо? Ништо. А, токму откупот го ветувавме во предизборната кампања. Затоа секоја влада што ќе дојде, должна е да го откупи трудот на земјоделецот. Токму ние како ВМРО-Македонска, ова не само што не го ветуваме, туку мораме да го спроведеме, доколку си ја сакаме државата.

Зголемување на стандардот на земјоделецот. Сите производи треба добро да се платат, а ако треба и државата ќе компензира. Тоа е единствениот можен начин да се заштити земјоделецот и сточарството и шумарството, затоа што го уништивте Мариовскиот крај кој има идеални услови за сточарство. Во Бивша Југославија имаше илјадници овци кои се белееа низ планините, низ полињата, а сега нема ништо, нема луѓе а камоли стока. Тоа е така, затоа што нема кој да му го откупи млекото. Знаете што ми се случи минатата недела. Одев за Битола, го качив еден случаен патник од прилепско, кој има две крави. Тој рече да ми дадат кредит 20 можам да одгледувам и ќе вработам човек, само да ми го откупат млекото.

Господо, имаме граѓани кои сакаат да работат, само нема кој да им помогне. Кажете, јас незнам ниеден, вие кажете кој од приватниците во малото стопанство добил кредит. До сега сите пријатели што ги имам што сум разговарал, ниеден досега нема добиено ниеден денар кредити за да инвестира во малото стопанство. Изгледа дека немал книшка од ДПМНЕ. Кажете и со книшка дали има некој добиено.

Ваквото недомакинско работење води кон поделба и распарчување на македонското ткиво и со тоа и на државата, се со цел да се осиромаши овој народ, а со сиромав народ многу лесно се манипулира. Ова е типичен грабеж и големо понижување на македонскиот земјоделец, кој е роб на својата земја и црнчи од рано утро до темна ноќ само за корка леб. Кажете барем еден земојоделец што добро живее од својата нива и сд својот земјоделски труд, тогаш ќе бидам и јас среќен. Прашувам, дали треба да се рекламира земјоделецот или производот. За жал, господо, вие го рекламирате земјоделецот. Имаме можност да видиме биди земјоделец на телевизиските екрани. А, зошто не го рекламирате производот што тој го произведува. Кажете колку патлиџани се произведени во Источна Македонија. Кажете колку пиперки, каде се пласирани, која е цената и кој ги откупува, а не биди земјоделец. Тогаш, ќе ви бидеме благодарни. Господо, јас зборувам во името на народот, а дали е тајмаут или не, тоа оставете го.

Како партија ВМРО-Македонска бараме да се изградат критериуми за добивање на неповратните 11 милиони германски марки кои траба сега да ги делите и тракторите кои треба да ги делите и ѓубрето кое треба да го делите. Да имаат приоритет тие кои имаат поголемо земјиште и кои ќе ги дадат производите на државата. Тоа бараме од вас да го гарантирате и да гарантирате откупна цена. Ако изградите критериуми ќе гласаме за вас и ќе гласаме за овој ребаланс. Доколку не добиеме цврсти гаранции од Владата како ВМРО-Македонска, нема да го поддржиме овој ребаланс на буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Петровски Томислав.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Сакам да кажам само три збора. Очигледно е дека е почната предизборната кампања. Денес на дневен ред имаме ребаланс на Буџетот. Во овој ребаланс влезени се и покачувањата на платите и на буџетарите исто така, и покачувањата на пензиите. Ги слушав претходните дискутанти, само не разбрав од опозицијата дали тие го поддржуваат, всушност дали се за покачување на платите и за покачување на пензиите. Јас ова сакам јавно да го слушам пред целата македонска јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа при гласањето ќе се види. Господин Флоровски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако целта на дискусијава беше да не натера да излеземе и така ќе излезевме, ќе дискутиравме за ова битно прашање кое го имаме денес на дневен ред, можеби не толку од економски аспект, но од политички аспект сигурно. Притоа, обрнувајќи внимание на она што значи и обвинување на сметка на оваа Влада, затоа што работите не се токму такви, какви што некој сака овде да ги презентира. Би било така, доколку ние би премолчеле и се стекне впечаток дека она што го говорат дискутантите пред мене, ќе успеат да го пласираат како вистинска информација, а не како дезиноформација, пред се, во функција на некоја предизборна кампања и во функција на зајак по кој ловечките кучиња треба да трчаат. Ќе одговорам само на она што беше пласирано како на обвинување на сметка на оваа Влада глобално не толку дробно, за да не ни се слушне и другата страна, страната на ВМРО-ДПМНЕ, во овој момент еден од чинителите на власта. Обичниот македонец за да не помисли дека работите се онакви, како што некој ги презентираше овде пред мене или повеќето дискутанти пред мене.

До пред татковинската војна на големо се слушаше од западните претставници, од европјаните, од американците, од разноразните меѓународни фондови, европски банки и тн. дека оваа Влада е реформска влада. И, штом велат дека е така, апсолутно нема причина да се сомневам дека работите се поинакви, како што некој сака да ги пласира дека оваа Влада име е реформска. Значи, или тој што живее тука, а не сака да ги види вистинските работи, живее ментално во некој друг свет или од инат говори дека работите не се такви како што европјаните ни ги претствуваат како факт. Што значи реформска влада? Тоа значи влада која изврши реформи во банкарскиот систем во даночниот систем, во пензиските фондови, ДДВ, фискални каси и тн. Значи, апсолутно не станува збор за влада која оди по теркот на претходното 6-годишно работење на блиските носители на власта, олицетворени во ликот на СДСМ и нивните партнери кои беа во тој период. Значи, почетокот на реформска влада, го носи Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери кои најдоа храброст и доблест и покрај низата на негативните реакции, внатре во државата, преземаат чскори за приклучок кон Европа, ако таму веќе го бараме местото а сметам дека и таму ни е местото и не прифаќам тврдења дека оваа Влада не е реформска. Претпоставувам дека на овие низа обвинувања што ги пласираа овде, нека стане некој и од претставниците на Министерството за финансии, подробно ќе објасни што е тоа што се преземени како реформи во функција на фаќање на приклучок на Република Македонија кон Европа.

Многу пати е спомната овде приватизацијата дека оваа Влада направила ршум, крадела буквално се што ќе стигнела, заборавајќи притоа два параметри, а тоа е дека до 1998 година, господо, 89% од државниот капитал е приватизиран. Од 1999 година до ден денешен останаа 11%, од кои верувам 2/3 приватизиран, а еден помал процент неприватизиран. Значи, ако сакаме да го обориме објективно, ќе го фатиме и периодот на приватизација во времето на СДСМ, од прилика од 90%, што претставува грото од она што значеше македонско државно стопанство. Ако веќе сакаме да си играме со бројки и параметри, мораме јавно да проговориме во кој период е почната приватизацијата, колку е приватизирано, до доаѓањето на власт на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, на ДПА и останатите чинители во оваа Влада.

Зошто, господо, не обвинувате дека сме лопови а притоа изигрувате зајак со истите оние кои 6 години буквално направија ршум во Македонија. Почнувајќи од пирамидалните штедилници, 89% приватизиран општествен капитал и уште многу, многу работи за кои сега во овој момент не можам да се сетам. Значи, човек не треба да се прави слеп при очи, а ако веќе не нарекувате лопови, што е причината да коалицирате исто така со лопови кои 6 години го крадеа македонскиот граѓанин. Не наоѓам логика, или се работи за пуста борба за власт и фаќање приклучок и да ви фрлат дел од она што значи мрвица или дел од

ситниот колач, доколку успеете да станете приврзок на СДС, а притоа лажејќи се дека ќе успеете да дојдете на власт. Работите и нема да се движат како што сте ги замислиле во сопствените глави и мислите дека победата туку таха ќе ви дојде без малку повеќе да поработите меѓу македонските граѓани. Се збореше за Пауновски како еден пример како оваа Влада краде. Господинот Пауновски, господа, денеска е пред судските органи. Не се работи за 14 милиони, туку се работи за 3 милиони германски марки, која не е мала сума и за која господинот Пауновски ќе сдговара пред овие македонски судови. Сметам дека македонското правосудство ќе биде доблесно да го заврши овој случај пред очите на македонската јавност. Значи некој има храброст да ги обелодени сопствените грешки во сопствените редови.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Ако сакате да ми реплицирате, немате доблест да ми кажете кои се главните стожери чинители на еден ТАТ, иако одовде храбро се говореше дека работата ќе биде завршена многу брзо и дека криминалците од сопствените редови, од редовите на СДСМ ќе бидат ставени пред лицето на правдата. Значи, имаме два аршина. Крадците во ликот на ВМРО-ДПМНЕ наоѓаат доблест сопствените министри да ги изведат пред лицето на правдата, а чесните луѓе и чесните чинители на власт од 1992 до 1998 година не најдоа за сходно макар и едно лице да изведат пред лицето на правдата да речат да господа, овој е тој што го праваше ТАТ и затоа ќе одговара пред македонските правосудни органи, кои тие ги одбраа 1996 година како сопствени судии.

Што значи чесно и домаќинско работење. Дали тоа значи зградата на "Канал 5" во Злокуќани во вредност од 10 до 15 милиони марки. Тоа ли значи чесно и домаќинско работење. Нека стане и нека ми каже човек каде се спечалиле толку пари прекуноќ. А јас како Александар Флоровски за секое свое дејание и сега и пред некоја друга Влада максимално спремен сум да одговарам за сето она што утре некој ќе сака да ме обвини и да ме накалеми. Се граделе големи хотели и згради од луѓе од редовите на ВРМО-ДПМНЕ. Само ќе ве потсетам поминете во центарот да ја видите новата зграда на УПА Интертрајд на весникот СТАРТ. Барем она јас што успеав да го дознаам. А да не зборувам ширум градилиштата во РМ, поточно Скопје. Можеме да направиме и една паралела, а да се постават одредени пратенички прашања кои се тие луѓе кои градат во Центарот на Скопје. И мене ме интересира. А и Станинов сигурно. Јас сум доволно храбар да го поставам и тоа како прашање. А вие господине Мирко Иванов цело време главата ја имате пикнато како ној во песок и немате храброст јавно да кажете дека тој и тој е криминалец од вашите редови. Јас сум спремен и за него и за било кој од ВРМО-ДПМНЕ да разговарам отворено. Вам никогаш тоа не може да Ви се случи, затоа што наместо срце имате мало оревче. Зошто не обвинуваат дека свесно го уништуваме земјоделието. Еве да направам една паралела. Луѓето кои се од тие краеви да речеме Струмица, Валандово, Богданци, Гевгелија, сигурно повеќе знаат од нас. Само ќе ви кажам дека во периодот 1997 - 1998 година македонското земјоделие постојано пропаѓаше и скапуваше по нивите. Разликата не само што е повеќе од евидентна, туку прашајте било кој македонски земјоделец нека направи споредба што ви е направивте за него, а што направи Владата на СДСМ. Прифаќам критики, прифаќам обвинувања од тие да се аргументирани. А не на памет да извлечеме од малиот џеп на пантолоните. Или некој што и; го напишал. Претпоставувам дека на некој нешто му напишал за да може овде божем поавтентично да се толкува како сопствено економско познавање на состојбите во РМ.

Само ќе ви кажам една работа. Денеска ревитализацијата на Дојранското Езеро е епохална работа за РМ. Значи имаме доблест, имаме храброст, имаме малку повеќе кликер може би од другите, еден цел крај со стотици илјади жители, да не го оставиме мртов, туку повторно да заживее и во таа насока се движиме и здравје боже со господ напред во август месец, се надевам, на ден Илинден ќе протече првата вода која носи илјаду литра во секунда. Тоа нема да биде процес преку ноќ, претпоставувам дека ќе биде подолг, но битно е да се направат првите чекори. Некој оставаше дојранското езеро тивко да изумре. Повторно Владата на Љупчо Георгиевски. Тоа не го направи минатата Влада. Тоа се факти кои ке можат да се избегнат. Факти за кои сме сведоци фала му на бога.

Кога се говори за буџетот и за одредени економски параметри, сметам дека човек треба да е вклучен да навлезе во такви лавиринти, не се сметам за таков човек што е стручен, меѓутоа, не прифаќам некој да ми напише, па да дојдам овде да презентирам. Значи, она што мојата логика го говори, тоа го кажувам овде без да разговарам високо интелектуално по оваа

економска тема, која е супстилна материја и не си давам за право дека работите ги познавам, а никогаш не била предмет на мој интерес економијата. Велите дека во 2000 година дадовте 134 амандмани, како член на ВМРО-Вистинска. Денеска сте член на ВМРО-Македонска. Зошто ова го говорам. Ме чуди како успеавте во рок од две години да смените две политички партии. Тоа говори за вашата непостојаност, тоа говори со спортски термин брзо менување на дресовите.Јас сум приврзаник на една сосема друга политика таму кај што почнав таму и ќе заврши. Дали славно или неславно, не е битно. Тоа зборува за човечката доблест тоа говори во краен случај и што е тоа што се носи во самиот ментален склоп. Зошто Мариовскиот крај го уништи оваа Влада. Апсолутно тоа не е точно. Мариовскиот крај е уништуван со децении и најцрниот период на мариовскиот крај е периодот на 60-тите и 70-тите години. Можеби најцрниот крај кога некој ги забрани козите што беше одлика на Мариовскиот крај. Тоа го направи еден минат комунистички режим, за кој денеска вие господа претходни дискутанти се фативте со нивните наследници и продавате овде демагогија. Работи во кој воопшто не сте изверзирани но нели тоа не е проблем која треба да го решавам. Тоа е проблем кој треба вие сами да си го решавате.

И на крајот да не одземам долго време претпоставувам дека некој ќе се залепи како мува на лепило.

Зошто сега се граделе салите. Има една српска изрека кој вели вака: "боље икад него никад". Тоа значи подобро некогаш отколку никогаш. И тоа од слендиот аспект. Многу помило ќе ни биде да ги гледам младите луѓе да спортуваат отколку да ги гледам да паѓаат во состојба на делириум тренерс по скопските кафулиња но несериозните кои работат по 1,00 часот по полноќ и многу подобро ќе биде да ги гледам по спортските сали и околу спортските сали отворените терени, отколку да се фиксаат господине Симев, а вие како педагог треба тоа подобро да го знаете и вие имате син, и јас имам син. И многу одовде имаат синови и керки, фала му на бога. Многу подобро е да ја гледаме македонската младина кога говорам за македонската младина мислам на сите граѓани во Република Македонија да спортуваат по спортските сали не треба тука да ми суфлирте, ако тоа не го знаете ќе ви шепне господинот со мустаќите, тоа е добро, многу подобро е да ги гледаме младите генерации по спортските сали, отколку да безделничат од сабајле до вечери од вечер до сабајле, а вие господине Симев без разлика на политичката припадност требаше да бидете први кој од оваа говорница јавно ќе го поздрави тој потег на на Агенцијата за млади и спорт, говорам за чекорот, требаше овде прв тоа да го поздравите и да дадете благослов, затоа што сметам ако не сте лицемерен дека цел живот сакате младите да ги терате во спортските сали, во спортскиот колосек, отколку да ги оставите, ќе употребам еден социјалистички термин да стане декадентна младина. Незнам од каде вашиот револт, или еве реагирање зошто сега се прават зошто сега се прават салите, затоа што сега се нашле пари. Вие можете да го сватите и како маркетиншки потег, може како сакате да го сватите меѓутоа, битна е една работа за мене. Дали ние по пат на градење на тие сали ќе победиме или не, можеби не е ни битно во моментот. Битно е што македонската младина ќе се занимава со спорт, отколку со сите оние рјаботи кои ги набројав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Прво сакам да кажам за коалицијата. Ние како партија ВРМО-македонска ниеднаш не спомнавме дека ќе одиме со СДСМ и дека плачиме да одиме со нив во коалиција. А господо вие од ДПМНЕ вашиот премиер и вашиот претседател плачат и ги молат СДСМ да одат во коалиција со Вас. Значи постои голема разлика. Тоа е разликата. А ние рековме дека одиме со секого што сака да ја сруши оваа ненародна власт. Тоа е голема разлика. Ги повторувам зборовите што сум ги кажал. Тоа е одговор на првото прашање.

Второ, зошто ние отидовме од ДПМНЕ. Отидовме затоа што тие четири свети букви ни беа идеали. Меѓутоа оној момент кога видовме дека тие се злоупотребени ние отидовме. И затоа за нас сте идинствено ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако сакате користете ја говорницата ќе се служите со термините кои се службени.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ние отидовме во ВМРО-ВМРО а не во ВМРО-вистинска. ВМРО-вистинска ние пратениците тоа го дадовме, затоа што бевме вистински пратеници ги напуштивме кога требаше. И тоа кога јасно ве обелоденивме кои сте.

Нешто да кажам и за салите. Јас напомнав. Јас сум првиот за сали да се градат и треба да се градат. А вие дали сте загрижени децата да дојдат во сали, или да си ги приватизирате салите. Јас ќе бидам најиекрен. Колку ваши се претседатели на клубови. Колку сали досега приватизиравте и колку клубови приватизиравте. Сакате по имиња да ги кажам Невеновски, газда е на Фудбалскиот клуб, го приватизира се приватизиравте. Сега ви давам најискрено и најдобра идеја да изградите сала на Факултетот за физичка култура, каде што школуваме стручњаци, а немаме сали, каде што салите работат по 100 студенти, а максимум треба групата да брои 10. Ако сакате да помогнете да изградите во осмолетките сали, а не таму каде што има и бизниси на некој да му правите.

На крајот да завршам, како што и често завршувам за земјоделецот. Тоа е поврзано овде со една песна.

Земја работи смело, на тоа сонце врело.

Тебе дождот ти е дар, а производот ќар.

Лубеници, дињи, јагоди, патлиџани и

пиперки на пазар во град носи.

За награда на својот македонски народ.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ми се допадна многу стихотворбата, иако не ја дослушав до крај беше неразбирлива функцијата на коалицирањето на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ во некое идно време, јас како ја сваќам. Во некое идно време пред се, во функција на опстој на овој македонски народ и опстој на оваа македонска држава. Имајќи предвид што друго може долгорочно да ни се случува. И ништо страшно нема да биде во некое идно време кога е интерес и мој и ваш господине Симев како македонци и во интерес на нашите деца, во интерес на нашите внучиња ако даде господ да се здружиме како македонци во одбрана на сопствената татковина. Не од причини што некој ќе треба финансиски да профитира. Само во функција на одбрана на Република Македонија. А тука знаете дека нашите намери а лично мене добро ме знаете дека сум доволно искрен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу ве одвлекоа репликите далеку.

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Само ќе се задржам на последните зборови господине Флоровски. Да се здружиме во интерес на државата. Прифаќам. Но, да го здружиме и се што украдовте, заедно да делиме да го вратиме на народот прифаќам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Веќе нема да излегувам сето она што утре ако дојде некоја друга власт во што лично не сум убеден ако дојде некоја друга власт во што лично не сум убеден и покрене постапки кои докажуваат дека одредени структури на ВМРО-ДПМНЕ владеачки ставиле рака подлабоко во туѓи џебови, нека биде предмет на одговорност прифаќам од тој аспект прво да се почне од мене, а каде ќе стигнеме ке видиме. Значи, и доблест и храброст и отвореност ќе проговорам за сите негативни дејанија што ги направила оваа Влада ако се предмет на докажување на македонските судови. На македонски судови кои ќе судат во интерес на правдата, а не во интерес на некои политички партии, иако се изгласани 1996 година од нив.

**СТОЈАНАНДОВ:**

Јас мислам дека отидовте премногу далеку.

Дајте да работиме по ребалансот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, токму тоа што вие го кажавте дека моите колеги отидоа премногу далеку. Ако на оваа говорница цело време се повторува: дајте да ја одбраниме Македонија, да ја одбраниме Македонија. Јас се прашувам тука како пратеник албанец, од кого да ја браниме Македонија. Ако ја браниме Македонија од луѓе кои седат тука и се борат за подобар статус, рамноправен статус да имаат сите граѓани и национални заедници, тогаш мислам дека таа фразологија, тие настапи апсолутно се неприфатливи и ако така се продолжи навистина предалеку се оди во ова Собрание.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, јас мислам дека треба да ви се одржи една многу добра лекција. Еве, сега јас ќе ви ја одржам на сите пратеници. Ние овде во овој законодавен дом денеска имаме седница и дневен ред по кој треба да работиме. А за изборна кампања, се уште изборите не се закажани и не е јавно кажано дека Парламентот се распушта, не се наоѓаме на улица, ние се наоѓаме во Парламентот. Ги молам сите пратеници дајте да работиме по дневниот ред, имаме уште 2,3 седници и што имаме да завршиме, а кога ќе почне кампањата ќе

се напаѓаме колку што сакаме. Упатувам еден апел до сите пратеници во Собранието да не ја мешаме политиката, надворешната кампањска политика. Тоа е кампањска политика. И би ве молел сите и вас господине претседателе да работиме по дневниот ред, а кој што изработил, кој како заслужил, надвор народот ќе каже на избори. Мислам дека би било подобро да ја симнеме топката на земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бев малку потолерантен бидејќи знаете, уште 10 дена ќе распишам избори и имате внатрешен набој, сакате малку да се претставите. Меѓутоа, бидејќи не е почната кампањата, немојте да се надевате премногу на ефектите од таква разврска. Луѓето ценат како ние работиме овде, а не тоа колку сакаме да им се допаднеме. Затоа предлагам ако не се јавува никој друг за збор да го заклучам претресот.

Го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандмани на раздел 15001 програма 11 ставка 443 потставка 443717 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 раздел, 05001 Програма 14 ставка 424 потставка 424515 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427119, на Прегледот на проектите на проектот 045 во колона 11, на член 3, и на раздел 01002, програма 11 потставка 401112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402111, потставка 402112, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511, и на раздел 06001 програма 12 потставка 401119 по кои Владата не се произнесе.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандмани на член 2 ставка 711 потставка 7111, член 2 ставка 711, потставка 7112, член 2 ставка 711 потставка 7113, член 2 ставка 714 потставка 7141, член 2 ставка 714 потставка 7142, член 2 ставка 716 потставка 7161, член 2 ставка 718 потставка 7181, член 2 ставка 719 потставка 7191, член 2 ставка 721 потставка 7212, член 2 ставка 463, член 3 раздел 09002 ставка 427 потставка 427113, член 3 раздел 09002 ставка 424, член 2 ставка 464, член 3 раздел 15020 ставка 443 .потставка 443043, член 3 раздел 09001 ставка 426 потставка 426712, член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443414 и на член 3 раздел 09001 ставка 463, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Стојан Андов поднесе амандмани на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401212 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717 и на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717 по кои Владата не се произнела.

Сега молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15001 програма 11 ставка 443 потставка 443717 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ**

Отворам претрес по амандманот на раздел 05001 програма 14 ставка 424 потставка 424515 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАНАНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на прегледот на проектите на проектот 045 на колона 11, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на раздел 01002 програма 11 потставка 401112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402111, потставка 402112, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511 и на раздел 06001 програма 12 потставка 401119, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАНАНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 711 потставка 7111 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе само сакам да го повторите бројот на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандман на член 2 ставка 711 потставка 7111.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Би сакал во врска со овој амандман да го запознаам Собранието за што се работи за да не се помине тукутака веднаш на гласање. Инаку во членот 2, ставот 711, потставка 7112 данок од добивката. Со нашиот амандман сакаме цифрата од 3 милијарди 205 милиони да се замени со 3 милијарди 031 милион. Образложението е следново. Во проекцијата на макроекономската политика за 2002 година се извршени корекции во порастот на бруто домашниот производ за 2002 година од 4% и е корегирана 3%. Исто така, со измените и дополнувања на Законот за данокот од добивка извршени се некои намалувања и ослободувања од обврските за данокот од добивка. Со измените на законот за данокот од добивка покрај другите ослободувања должничките обврзници кои ќе набават фискални каси се ослободени од данок од добивка до износот на набавената каса. Ако се има во предвид дека вредноста на набавените каси од страна на даночните обврзници изнесува над 1,2 милијарди денари, за тој износ треба да се намали износот на данокот од добивка. Од тие причини не се планира зголемување на приходите од данокот на добивка со ребалансот за 2002 година. Заради ова изнесено во, апелирам Собранието да го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Ќе работиме уште половина час и ќе прекинеме, затоа што има барање од пратеничката група на СДСМ денес да работиме до 17,30 часот.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот од господинот Ненад Ристовски на член 2 став 711 потставка 7111 гоставам на гласање.

(Во меѓувреме неколку пратензии излегоа од салата).

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Значи, имаме 81 пратеник.

Ве молам амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (пратениците гласаат)

Ве молам ова не важи, бидејќи знам дека овде има 61 пратеник.

Да ги соберете прво картичките. Неможе 63 да гласаат ако има 61 пратеник. Неможе така да работиме.

(некои пратеници влегуваат во салата)

Немојте ве молам, ставете ги картичките. 61 пратеник е при-сутен.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, од 61 присутен.

За гласале 11 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, а против гласале 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 711 потставка 71112 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседатле, дами и г-да пратеници. Очигледно освен оние амандмани кои што беа предложени од позивцијата т.е. од Владата, евидентно ја продолжуваат истата практика еден текст да добиваме, а Владата преку амандманите истиот текст го изменува но сепак, иако гледам дека ќе продолжи истата тенденција да се одбиваат амандманите без да се гледа нивната содржина моја должност е да ја претставам содржината на амандманот, барам да се знае што се одбива.

Во членот 2 во Билансот на приходите на ставот 711 подставка 71112 во персоналниот данок на износот 7.652 милиони се заменува со овој амандман со износ од 7.400 милиони.

Образложението за овој амандман е следно. Со измените и дополнувањата на Законот за персонален данок општата стапка на персонален данок од 23% се намали на 15%, што е намалување од над 30% ако се имаат во предвид штетите од кризата кои се веќе пресметани и покажуваат дека бруто домашниот производ наместо пораст од 4% имаат и тоа дискутабилно е дали ќе има само 3% пораст со што горните фактори покажуваат дека ќе има намалување на приходите од персоналниот данок за најмалку 1%. Поради тоа приходите од персоналниот данок ќе се движат во рамките на планираните и нереално е ова што ни е дадено како нова ставка во билансот на приходите. Поради тоа мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставан на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, во секој случај бидејќи имаме доволно ве молам да ги прособерете картичките на пратениците кои не се тука.

За гласале 13 пратеници, воздржако гласале 11 пратеници и против гласале 40 пратеници.

Констатирам дека амандманот Собранието не го прифати.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 711 потставка 71113 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-да пратеници, со овој амандман даноците од доход на добивка, износот е нула.

Во истиот горенаведен член се заменува со износот 500 милиони со образложение дека веќе две години во Буџетот не се планира од страна на министерот за финансии, приходи од капитал и капитална добивка, затоа што, ваквите даноци се пропишани со Законот за персонален данок и Законот за данок од добивка. Ако со овие закони точно е прецизирано на кој капитал и добивка се плаќа данок од капитал и данок од капитална добивка и ако се утврдени стапките по кои што се плаќа со непланирањето на овие приходи во буџетот за 2002 година министерот за финансии спротивно на горните закони сам се откажува од наплата на овие приходи.

Ако се има во предвид дека се работи за приходот капитал и остварување на капитална добивка тогаш се знае кој може да има капитал и да остварува капитални добивки. Тоа се новопечените богаташи, капиталисти што се створени скоро. Ако тие приходи се остваруваат со купување на фирми по багателни цени,

преку грабежот на оптштествениот и државниот капитал, тогаш министерот за финансии на голема врата го промовира тој грабеж и не сака истиот да го оданочува.

Барам да се прифати овој амандман заради создавање на обврска на министерот да ги наплати и тие приходи пропишани со закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои за гласале 14, пратеници воздржано гласале осум пратеници и против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 714 потставка 7141 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произенсе.

**ПЕТАР ДУЈЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Со овој амандман се прави интервенција во членот 2 на билансот за приходите. ДДВ, износот од 19 милијарди 236 милиони се заменува со 17 милијарди и 900 милиони со образложение бидејќи во Законот за акцизи е извршено ослободување и намалување на некои ставки на ДДВ за 2002 год. Тие измени ќе имаат влијание на намалувањето на приходите од овој данок на Буџетот за 2002 година.

Исто така со проекција на монетарната политика за 2001 год, се предвидува намалување на порастот на бруто домашниот производ за 1% иако податоците за бруто домашниот производ покажуваат динамика на пад од дури 3,1%. Голем број фирми се жалат дека министерот за финансии не го враќа повеќе платениот данок на ДДВ и тие побарувања на даночните обврзници изнесуваат над 1,1 милијарда денари. Исто така домашните обврзници се жалат дека инспекторите немилосрдно пресметуваат високи затезни камати за неплатениот данок на ДДВ.

Поради овие причини ние мислиме дека овој амандман треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои за гласале 16 пратеници, воздржано гласале шест пратеници, и против гласале 45 пратеници.

Констатирам цека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 714 потставка 7142 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произенсе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Ѕвонко Мирчевски.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Овој амандман на член 2 за билансот на приходите во ставката 714 потставка 7142 - акцизи , износот 11 милијарди и 207 милиони се заменува со износот 10 милијарди 942 милиони. Во принцип ВМРО-Македонска е за намалување на одреднеи стапки на акцизите со оглед на тоа што кај акцизните стапки имаме двојно оданочување односно на истите се поаќа и ДЦВ и акцизи.

Големиот шверц со акцизните стоки во РМ има силно влијание за намалување на приходите во Буџетот од овој вид на данок. Според изјавите на министерот за финансии во РМ не постои шверц со цигари и други акцизни стоки.

Ако се има во предвид дека во наредниот период тој шверц ќе се зголемува и сигурно приходите од овој вид на данок ќе се намалат.

Заради горе наведениве причини сметаме дека треба добро да се размисли и од страна на Собранието да се поддржи овој наш амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој друг бара збор? (никој) - Го заклчувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои за гласале 16 пратеници, воздржано гласале девет пратеници и притив гласале 44 пратнеици.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 стапка 716 потставка 7161 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ѕвонко Мирчевски.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Нема што друго да кажам освен уште еднаш да укажам дека во членот 2 во Билансот на приходите во ставката 716 потставката 7161 други даноци кои не се класифицирани на друго место износот нула се заменува со бројот 60 милиони.

Го даваме следното образложени.

Во текот на 1999-2001 година, од овој вид на приходи се остварувани износи од 61 милион, 62.644,972 денари. Во 2002 година нема измена на прописите за укинување на овие приходи.

Се надевам дека ќе го поддржите амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 17 пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 718 и потставка 7181 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Иако гледам дека намерата е евидентна, сепак ќе го образложам овој амандман за да се знае што не е прифатено.

Со овој амандман се врши интервенција во ставка 718 потставка 7181 од материјалот што ни е приложен и во однос на дозволи за вршење дејност, износот од 238 милиони се менува и се предлага ставка од 189 милиони.

Образложението е следно, Министерството за финансии мора да го почитува ставот а Владата и своите изјави што претходно ги има дадено во јавноста дека ќе го растовари стопанството со намалување на даноци и придонеси. Со воведување на такси за вршење стопанска дејност уште еднаш сакаме да ги соголиме граѓаните со даноци, придонеси и такси. Се залагаме овие приходи што се наведени да се бришат бидејки ќе имаат негативно влијание врз вработувањето и некои други дејности. Поради овие причини мислиме дека овој амандман треба да се прифати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 11 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнанот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 719 и потставка 7191 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Со овој амандман се прави интервенција во билансот на приходите во ставката 719 со што од данокот на финансиски трансакции предвиденито износ од 6.273 милиони се заменува со помала вредност од 5.224 милиони, со образложение дека нашата партија ВМРО-Македонска уште во стартот беше против воведување данок на финансиска трансакција и немаше потреба од воведување на овој данок бидејки тешко ќе го погодиме и онака осиромашеното неликвидно стопанство на Република Макеоднија. Со тоа ќе се намали можноста за вработување и ќе се зголеми сивата економија.

Колкава е големината на овој данок може да се види и на тој начин што иако оваа ставка е мала, основицата на која што се плаќа истиот е огромна. Затоа, овој вид на данок стана голем данок, бидејќи изнесува повеќе од една третина од данокот на ДДВ или две третини од персоналниот данок или два пати е поголем од данокот на добивка. Со што една третина од вкупните плати на вработените во јавната администрација, односно навидум се зголемени. Или, ако се појде од основицата на која што се плаќа данокот на добивка, тој ќе изнесува 30% од добивката. Ако се појде од основицата на која што се плаќа данокот на ДДВ, *ќе* изнесува 6% од истиот. Ако се плаќа од основица на која што се плаќа персоналниот данок, ќе изнесува 10,5%. Ако се плаќа вкупен приход на даночните обврзници изнесува 2,5% или, тој данок учествува со 10,4% од вкупните даночни приходи и за толку се зголемуваат даночните приходи во 2002 година со воведување на овој данок. Тоа е тежок удар врз граѓаните и стопанството да се планира зголемвуање на овој данок како што е сега. Затоа предлагаме кога ќе се остварат планираните приходи од овој вид на данок, тој данок да се укине. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван господин заменик министер, го подржувам овој амандман поднесен од пратеникот Ненад Ристевски и сметам дека, ако ги слушавме внимателно дискусиите во Собранието што се водеа денеска во врска со структурата на буџетските приходи и расходи и критиката, дел од критиката што дојде кон Владата во врска со ребалансот на Буџетот, мислам дека во основа, целата таа критика иако не може да се сведе само на овој амандман, може да се сведе на филозофијата што овој амандман ја промовира во ребалансот на Буџетот. Имено, за што станува збор?

Во 2002 година Македонија без овој ребаланс се соочи со најголемито Буџет што државата го имала било кога во нејзината историја, особено во делот на историјата од нејзината независност до денеска. Само да потсетам дека најголемиот Буџет на РМ во нејзината историја, според изворните приходи се остварува во исто време кога РМ, за разлика од претпоставките на Владата за оваа година, се соочува со намалување на БДП по 4% и што веројатно, наспроти ова што Владата го соопштува дека ребалансот го правела градејки политика дека наместо 4% пораст ќе имаме 3% пораст о.г. Меѓутоа, првите 6 месеци, според податоците од Министерството за финансии и Државниот завод за статистика па и според податоците од Народната банка и идните предвидувања покажуваат дека о.г. ќе имаме 4% пад а БДП. Да не заборавиме дека овие 4% пад на БДП всушност се верижен индекс на 2001 година во која што исто така имавме пад на БДП што според претходните податоци за цела година од Заводот за статистика изнесува околу 4,5%.

Со оглед на две последователни години во кои што БДП опаѓа за 4 или 4,5%, практично во 2002 година се соочуваме со БДП што во однос на 2000 година ќе биде помал за околу 8 до 10%. Можете да замислите во какви услови Владата ја турка економијата на РМ, а колку даноци наплаќа од нејзините перформанси. Во исто време, кога за 2 години скоро една десетина од БДП се изгуби во исто тоа време околу 10% буџетските приходи на Република Македонија растат. Мислам дека тоа е една целосно искривена политика на функционирање на Владата што не заслужува ништо друго освен да добие

укор од Собранието и да се подржат ваков вид на амандмани.

Амандманот што г-динот Ненад Ристевски го приложи покажува две страшни вистини во нашава држава:

Прво, Владата го воведе данокот на финансиски трансакции во 2001 година да ја финансира воената криза, со јасно определување на министерот за финансии, токму на мое прашање во овој Парламент, дека во месеците од 2001 година кога се воведува данокот на финансиски трансакции или т.н. воен данок со точно проектирана сума на приходи по тој основ во Буџетот, што ќе се случи доколу тие приходи се остварат веќе после два до три месеци, со оглед на исклучително лошо поставената даночна основица на овој данок, што наместо стапката од 0,5 колку што е да ја бетонира на 0,5, се сведе на стапка која до 2% ги оданочува финансиските трансакции, значи четворократно.

Се случи тоа што се предвидуваше. Стапката на приходи на Буџетот во септември ја исполнија предвидената стапка на Буџетот за 2001 година. Министерот најави дека во тие услови може да се случи да го повлече Законот односно да достави закон за укинување на овој данок. Меѓутоа, бевме сведоци дека тоа функционираше до крајот на 2001 година, што значително го оптовари над проектираното, македонското стопанство. Зборувам над проектираното, затоа што она што го пишува во овој амандман, погрешно поставената основица ја мултиплицираше дури за 3 до 4 пати стапката на данокот.

Во 2002 година, Владата, не само што предложи Буџетот што е во спротивност со негативнито тренд на развојот на македонската економија, туку предвиде данок на финансиски трансакции од 5.200 милиони денари за целата година. Практично, воведе филозофија во која севкупното зголемвуање на Буџетот, без никаква потреба, затоа што издатоците за воените дејствија се драстично намалени, а очекуваме до крајот на годината уште по драстично да се смалат, го проектираше во вкупниот вишок на Буџетот што е проектиран за 2002 година.

Сега, на шестомесечниот Буџет има уште еден апсурд. Тоа е дека и онака огромниот Буџет на РМ, само во изворните приходи од 52,8 милијарди денари заради наплата на, по мене пак ќе кажам, нереално предвидените даночни оптоварувања во стопанството, се сведвуа на 57 милијарди односно даноците што Владата ги проектирала даваат нов даночен приход од дури 4 милијарди денари, што е огромна сума. Сега се поставува логичното прашање на овој амандман. Ако Владата има 4 милијарди повеќе даночни приходи во 2002 година врз основа на остварување на сите даноци, а само данокот за финансиски трансакции самиот по себе не ребалансиран изнесува 5 милијарди, јас сум уверен дека амандманот на г-динот Ненад Ристовски, што ние го подржуваме е на место затоа што логиката на Владата треба да биде сосема обратна. Логиката на Владата треба да биде, ако имаме принудно наметнат данок од 5 милијарди, а имаме уште 6 месеци оцена дека приходите ќе се зголемуваат за 4 милијарди над предвиденото, првата мерка што треба Владата да ја донесе е овој закон да го укине. Приходите по овој основ ќе ги нема во Буџетот и на тој начин ќе се рационализира буџетската потрошувачка.

Со оглед дека Владата тоа не го предлага, Владата останува на концептот на законот до крајот на годината и не само што предвидува дека 5-те милијарди ќе се соберат, туку ги зголемува на 6.270 милиони или околу 1 милијарда и 50 милиони денари повеќе приходи по овој основ.

Се обраќам до Владата да го прифати овој амандман и веднаш на наредната седница да ја прилагоди стапката или да ја намали основицата за наплаќање на овој данок на финансиски трансакции, затоа што апсолутно Македонија нема потреба со 4 милијарди вишок приходи само по основ на изворни даночни приходи и понатаму да го наплаќа овој данок на такво ниво и да го зголемува на 6,2 и со образложението тоа можеме да го видиме, да го претвори во данок што е поголем од данокот на добивка, односно ако направиме паралела овој данок на финансиски трансакции во Македонија е како да сме воведе повеќе од дупла стапка од данокот на добивка на сите претпријатија, зошто толку имаме наплата. Или, уште попластично, како на постојниот данок на додадена вредност од 19% да сме додале уште еден ДДВ од околу 6,2-6,3%. Апсолутно станува јасно дека Владата има погрешна политика во доменот на собирање финансии преку данокот на финансиски трансакции. На почетокот од

својот мандат Владата се пофали дека го намалува персоналниот данок на доход и ДДВ, со тоа што утврди помала стапка на 19%. Меѓутоа, веднаш ги компензираше двата даноци со екстра данок што гледаме дека во текот на овие 6 месеци од 2001 година и уште дополнителните 12 месеци од 2002 година остварува огромни приходи што не само што го поништуваат позитивниот ефект на намалување на данокот на платите, персоналниот данок, туку собираат и повеќе средства.

Сега ќе се вратам на она што на почетокот го кажував, а сето тоа се остварува во услови кога Владата на РМ, во две последователни години го намалува БДП за 4%. Ако навлеземе во структурата на тоа намалување ќе видиме дека индустриското производство за првите 5 месеци е паднато 10%. Со ова што се случува можеме да очекуваме што ќе се случи со земјоделското производство, можеме да предвидиме со ваквиот однос на Царината на РМ кон земјоделството колку ќе се намали и БДП во земјоделието. Ако имате раноградинарски производи што имаат одредена цена и заради лошата политика на г-динот Даравелски на Царината и заради застојот на Царината, целиот земјоделски производ останува во Македонија со, според денешните информации со дупло намалување на цената на тие производи, тоа веднаш имајте предвид дека сериозно ќе се одрази, дури и со двоцифрена стапка во БДП само на дејноста земјоделие. Така што ова проектирано од 3% не само што нема да се оствари, туку ќе продолжи овој тренд од минус 4 до крајот на годината само заради непланираниот ефект од земјоделието, што ги има проблемите со посевите во Источна Македонија поради лошо семе, што ги има проблемите со застојот на Царината, дополнителното паѓање на ЏДП во земјоделието оваа негативна стапка од 4 ќе ја повлече уште подоле, уверен сум, ако Владата нешто не преземе.

Во вакви односи апсурдно е Владата кога сите економски показатели одат нагоре да ги покачува сопствените приходи од оние кои всушност губат доход во својата работа, индустријата, земјоделието, трговијата и т.н. Затоа апелирам, кога Владата е веќе апсолутно во политички и економски нокдаун, наспроти она што вчера министерот го зборуваше, тоа беа приказни за мали деца, наспроти тоа што вчера го зборуваше, најмалку што може да направи е да го прифати амандманот данокот на финансиски трансакции од 5 милијарди да не се зголемува на уште дополнителни 1,05 милијарди денари и да ја остави со овој амандман ставката од 5,224 милиони, а за соодветната една шестина од зголемувањето да ја намали стапката на зафаќање на данокот на финансиски трансакции. Тоа е закон што треба поитна постапка господо од Владата да го доставите до овој Парламент, а не оние закони што ни ги доставувате на дневен ред со кои што апсолутно уште полошо ќе се рефлектираат врз остварување на македонскиот развој.

Значи, апелирам овој амандман да се прифати. Врз основа на тоа Владата да направи пресметка колку треба да се намали стапката на данокот на финансиски трансакции и да побара веднаш, на наредната прва седница таа стапка да ја усвои по итна постапка Парламентот и барем оваа милијарда да ја спасиме. Не само што ќе зафати дополнително, без потреба туку ќе зафати дополнително без потреба на веќе осиромашувањето во едкономијата на РМ.

Од сите овие причини мислам дека амандманот треба да се прифати, со оглед дека амандманот е поднесен од пратениците така што само во ставката 719 потставка 7191 е намалувањето на оваа милијарда, ја повикувам Владата да го прифати овој амандман или пратениците да го усвојат. Врз основа на ова да се повлече предлогот на ребаланс на Буџетот и да се прилагодат сите приходи и расходи за една милијарда подолу, затоа што не заслужува ова стопанство и овој народ со ваква политика дополнително да зафаќаме нешто што дополнително само му го одземаме со ваквата политика.

Мене ова ми личи на ситуација во која, кога стопанството на Македонија рапидно оди надолу, ние ги зголемуваме давачките врз него. Тоа е како на некој болен кој има недостаток од антибиотици да му одземеме од крвта антитела, наместо да му дадеме антибиотици. Меѓутоа, со оглед на односот на Владата не очекувам тоа да го направи. Владата има политика што вчера тука министерот за финансии издашно ја прокламираше како да е тој министер за финансии не на Република Македонија, туку како да е министер за финансии на Владата на Република Македонија која се

грижи само за себе. Тоа "само за себе" значи за своите државни функции. Меѓутоа, не се грижи за она за што државните функции треба да се остваруваат, за граѓаните, за стопанството, за економијата и т.н.

Со оглед дека Владата нема таква волја, има спротивна желба, се помалку пари да остава во економијата, а се повеќе пари да извлеквуа со даноци од економијата и граѓаните, ги повикувам пратениците да го изгласаат овој амандман, а Владата да ја искористи ноќва што доаѓа после изгласвуање на овој амандман, да ги прилагоди сите други ставки за една милијарда подоле од планираните. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници, против гласале 41 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Сега ја прекинувам седницата. Како што знаете имаме барање СДС сега да прекинеме.

Прекинуваме за денеска, а продлжуваме утре во 11,00 часот.

Молам, претставниците веднаш да дојдат во 11,00 часот да можеме да почнеме.

(Седницата прекина со работа во 17,35 часот).